**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**
**од Третото продолжение на Деведесет и втората седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 18 февруари 2005 година**

Седницата се одржа во Собранинето на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,01 часот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше Љупчо Јордановски, претседател на Собранието.

**Љупчо Јордановски:** Ги молам пратениците да влезат во салата.

Продолжуваме со работа по 92-та седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Петар Апостолов, Ангелка Пеева-Лауренчиќ, Соња Лепиткова, Иван Анастасовски, Зоран Заев, Славица Станковска, Љубе Бошковски, Никола Груевски, Петар Наумовски, Сашко Кедев, Ганка Самоиловска-Цветанова, Рафет Муминовиќ, Љубчо Георгиевски, Али Ахмети, Хусеинџевад Хусеини, Теута Арифи, Мендух Тачи и Трифун Костовски ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

**Продолжуваме со 14-та точка - Предлог за донесување на закон за електронски комуникации, со Предлог на закон.**

Претресот по Предлогот за донесување на законот е заклучен, треба да гласаме по заклучокот.

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Службите нека утврдат колку се потпишани и дојдени.

Ги молам пратениците кои не се потпишале да се потпишат, да земат картички и да влезат во салата, бидејќи треба да пристапиме кон гласање на заклучокот.

Ги молам службите да го утврдат бројот на присутните пратеници.

Пратениците да седнат на своите места.

(Службите ги пребројуваат пратениците)

Во салата се присутни 59 пратеника.

Ги молам пратениците кои се во Клубот да влезат во салата.

Сега во салата се присутни 61 пратеник.

На Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за електронски комуникации.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 58 пратеника, 57 гласале за, 1 воздржан, нема против.

Во салата се присутни 61 пратеник.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 53 пратеника, 49 гласале за, 1 воздржан, 3 против.

Во салата се присутни 61 пратеник.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Владата на Република Македонија поднесе амандмани на член 43 став 4, член 51 став 3 точка г, член 104 став 5, член 146 став 4 и за менување на член 150 и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Владата на Република Македонија поднесе амандмани на член 38 за додавање нов став 11, член 43 став 1 и на член 48 став 1 и истите ги повлече.

Во меѓувреме Владата на Република Македонија поднесе нов текст на амандманот на член 43 став 1 и тој е составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Владата на Република Македонија поднесе амандман на член 144 за менување на став 7 и истиот го повлече.

Истовремено Владата поднесе амандман на член 144 за менвуање на став 7 и тој е составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Пратеникот Јани Макарадули поднесе амандмани на член 4 став 1 за менување на точка (2) и на точките (35) и (40); член 4 за менување на точка (9) и за додавање нова точка (46) по точката (45); член 6 став 1 точка (в), став 2 за менување на точка (а), точка (в) и за менување на точка (3); член 8 став 1 и на став 3 точка (а); член 12 ставови 1, 4 и 5 и за менување на став 7; член 13 ставови 2 и 3; член 14 точка (г), за бришење на точка (д) и за додавање две нови точки (и) и (ј) по точката (ѕ); член 16 за менување на ставовите 1 и 2 и на став 3; член 18 став 1; член 24 став 1 точка (г); член 26 став 3; член 30 став 7; член 32 за менување на став 2, став 7 и за бришење на ставовите 6 и 9; член 33 точка (в); член 38 став 1; член 39 став 1 и за менување на став 2; член 39 став 3; член 43 ставови 1 и 4; член 49 став 3; член 51 став 3 точка (ѓ); член 59 став 3; член 75 за менување на ставовите 1 и 8, за бришење на став 2 и за додавање нов став 9 по ставот 8; член 75 за бришење на првата реченица на став 6 и за додавање нов став по ставот 6; член 83 за додавање нов став по ставот 4, за менување на став 6 и за додавање нов став по ставот 6; член 84 за додавање два нови става 8 и 9 по ставот 7; член 85 став 2 точки (в) и (г); член 107 на ставовите 5 и 6; член 122 став 2; член 129 став 2;

член 136 за менување на воведната реченица на став 1; член 136 за менување на воведната реченица на став 1 и на став 2; член 137 став 1 и за бришење на став 4; член 140 став 1 за додавање четири нови точки; член 143 на ставовите 1 и 4; член 144 за менување на ставовите 1 и 2 и на член 145 за менување на ставовите 2 и 7 и за бришење на став 3, по кои Владата не се произнела.

**Љупчо Јордановски: (Продолжение)** Пратениците Цветле Јанеска и Драган Ѓорѓиев поднесоа амандмани на член 75 за бришење на првата реченица на став 6 и за додавање нов став 7 по ставот 6 и на член 83 за додавање нов став 5 по ставот 4, за менување на став 6 и за додавање нов став 7 по ставот 6, по кои Владата не се произнела.

Пратениците Лилјана Ивановска и Соња Лепиткова поднесоа амандмани на член 32 за додавање нов став 2 по ставот 1, за менување на став 2, за бришење на став 6, став 7 и за бришење на став 9; член 75 за менување на став 9 и на член 101 став 4 за менување на точка (г) и за додавање нов став 5 по ставот 4, по кои Владата не се произнела.

Комисијата за транспорт, врски и екологија поднесе амандмани на член 3 точка (а); член 13 за менување на став 3; член 16 став 3; член 21 став 3; член 30 став 1; член 39 став 3; член 40 став 6; член 41 став 3; член 75 точка (9); член 115 став 3; член 135 за додавање нова точка (9) по точката (8) и на член 140 став 1 за додавање четири нови точки.

Пратениците Аднан Јашари и Рафис Алити поднесоа амандмани на член 17 став 1 точка (ѓ) и на член 43 став 1, по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Томе Тромбев поднесе амандмани на член 22 став 1; член 26 за менување на став 5; член 33 став 1 точка (а); член 38 за додавање став 11; член 43 за менување на став 1; член 45 став 7; член 48 став 1; член 51 став 3 точка (г); член 72 став 1 за бришење на точките (б) и (в); член 104 став 5; член 146 за менување на став 1; член 146 став 2 точка (б); член 146 став 2 за бришење на точка (е); член 146 став 2 за менување на точка (ж); член 146 став 2 за менување на точка (з); член 146 за менување на став 4; член 147 за бришење на став 4 и за бришење на член 150 и истите ги повлече.

Законодавно-правната комисија поднесе амандмани на член 4 точка (39); член 6 став 1 точка (б) и на став 2 точка (ѓ); член 8 став 1; член 9 точки (и), (н) и (ш); член 10 за менување на став 2 и на став 3 точка (г); член 12 став 10; член 13 ставови 3, 4 и 5; член 14 точка (ж); член 16 став 3; член 17 став 4; член 24 став 4 точка (б); член 28 став 2 за пренумерација на ставовите од 2 до 7 и на новиот став 8; член 30 ставови 4 и 7; член 32 став 8; член 34 ставови 1 и 6; член 36 став 3; член 38 став 6; член 44 став 5 точка (в); член 45 ставови 2 и 4; член 48 став 6; член 54 став 3 точка (в); член 56 став 4; член 60 став 1 точка (а); член 61 став 3; член 62 став 2 точка (г); член 63 став 3; член 65 став 2; член 66 ставови 1, 2, 3, 4, 5, 7 и 8; член 67 став 3; член 70 став 3; член 71 став 1; член 72 став 1 точка (а); член 75 ставови 1, 6 и 8 и за менување на став 7; член 80 точка (з); за менување на член 82; член 85 став 1; член 90 став 1 во воведната реченица; член 91 став 3; член 96 став 4; член 104 став 4; член 105 став 2; член 119 став 2; член 135 ставови 3 и 4; член 137 став 1; член 138 став 1 точка (16) и за заменување на бројот “3” со бројот “2” по ставот 1; член 139 став 1 точка (21); член 145 став 3; член 146 став 2 точки (б), (в), (г), (д), (ѓ) и (е), за заменување на точките (и), (ж) и (з) со точки (ж), (з) и (ѕ), на точките (ж) и (ѕ) и на став 4; член 147 став 2; член 149; член 150; член 151 ставови 1 и 2; за додавање нов член 151-а по членот 151 и на член 152.

Тоа се сите амандмани што се поднесени.

Госпоѓо Ивановска се пријавивте за збор?

Процедурално барате збор?

Повелете.

**Лилјана Ивановска:** Благодарам претседателе.

Овие денови додека трае седницата, расправата за електронски комуникации, Владата достави амандмани во неколку наврати. Од министерот овде барам појаснување на амандманот 2 што е повлечен, во што е суштината на измените на овој амандман на член 144 став 7 за да можеме подобро да дискутираме по текстот на законот.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Ве молам, ако има потреба министерот тоа да го објасни, повелете, бидејќи тие станаа составен дел од текстот на законот. Јас не можам да го натерам министерот да одговори. Би било коректно да одговори, но ... По текстот на законот кога ќе дискутираме, може министерот да објасни.

Госпоѓо Ивановска, процедурално, повелете.

**Лилјана Ивановска:** Не знам како Владата и Министерството доставува амандмани, а министерот не може да го објасни амандманот. Мене тоа не ми е јасно. Немам коментар.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот станува составен дел од законот. Министерот го брани законот. Ќе имаме дискусии, ќе имаме расправа по текстот на законот и министерот ќе го брани законот. Од тој аспект можеме да продискутираме за коректноста и некоректноста, ажурноста и неажурноста на Владата и тоа е тоа. Тоа е деловнички така.

Повелете господине Макрадули процедурално.

**Јани Макрадули:** Почитуван претседателе,

Јас ќе се придружам тука и ќе ве замолам побрзо да ја завршите вашата иницијатива што е позитивна за менување на Деловникот, оти сме навистина во затечена ситуација сега. Владата доставува амандман што апсолутно е неприфатлив за сите оние луѓе кои разбираат за што станува збор. Мислам дека е против сите принципи, без разлика што ќе зборуваме по

текстот, се наоѓаме во ситуација кога е составен дел од законот и ние сега не можеме амандмански да интервенираме.

Затоа сега ја користам оваа прилика, бидејќи тече расправата, да апелирам до Владата да го повлече овој амандман, бидејќи никако не е во согласност со логиката на овој закон што се предлага. Јас знам дека министерот нема потреба да го образложи ова и не е негова обврска да го образложи, но ја повикувам Владата да го повлече амандманот, бидејќи нема никаква врска со логиката на законот што го носи. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Ние можеме да го искажеме својот став при гласањето за овој закон.

Господине Балковски барате збор процедурално?

Повелете.

**Љупчо Балковски:** Ви благодарам претседателе. Еве, и јас се придружувам кон сите овие предлози што ги упатија колегите пратеници и мислам дека овој амандман ако едноставно биде составен дел на законот, законот воопшто не треба да се носи, туку треба да постои закон за телекомуникации.

Едноставно, сакаме да ни се даде објаснување зошто овој член се менува и зошто овој амандман станува составен дел на законо.

**Љупчо Јордановски:** Министре, имате молба од тројца пратеници. Во секој случај, овој Парламент ја бира Владата и еве сега мислам дека е време и вие да одговорите зошто овој амандман сте го поднеле.

Повелете господине министре. Вклучете го господинот министер.

**Џемали Мехази:** Ви благодарам претседателе.

Амандманот е сменет од едноставна практична причина и оди во духот на законот, во делот на воведување конкуренција и рамноправност на сите учесници на пазарот. Конкретно, во оваа насока, се работи и се корегира, се со цел новите компании што би искажале интерес да влезат на пазарот, конкретно за мобилната телефонија, да влезат на пазарот со исти услови со првите два оператори што се веќе во Република Македонија.

Значи сето тоа е со цел за рамноправност на условите и можностите на идните потенцијални инвеститори.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Три минути реплика за господинот Макрадули. И, не мислам да ја водиме расправата.

Повелете господине Макрадули.

**Јани Макрадули:** Почитуван претседателе,

Се согласувам со вашата загриженост дали денеска ќе успееме да го донесеме законот и тука не се лутете што сакам во помалку од три минути да објаснам за што станува збор.

Пред нас имаме амандман во кој што пишува “освен”, “евентуално”. Јас можеби сум електроинжинер, не сум правник, но ова никако не може да стои во правна терминологија. Никако. Затоа ја повикувам Владата, Секретаријатот за законодавство, нека го проверат текстот дека, прво, не држи правно, второ е против концептот што го носиме за либерализација на пазарот, затоа што се наведува постапка, некоја, од порано што никој не знае во државата дека започнала, а се однесува на трет мобилен оператор. При што, ќе се носи со Законот за концесии и ќе биде постапката подолга, поскапа и нема политичка логика.

Затоа ја повикувам Владата, Владата ќе истрпи политичка штета, поевтино ќе му биде на новиот оператор да оди по новиот закон, а и правно не е во ред членот.

**Љупчо Јордановски:** Господине Крстевски, вие барате збор процедурално?

Добро, кажете во што е прекршена процедурата.

**Зоран Крстевски:** Мислам дека треба да не им давате збор на пратениците од позицијата. Сега не е на дебата Деловникот. Сега е процедура што е вообичаено. Владата, кога ќе предложи нешто во закон за кој што е самата предлагач, станува составен дел.

Според тоа, ние можеме да се изјасниме во поддршка на законот или не. Да ја видиме таа ситуација кога Собранието не е под контрола на Владата. Сега е тој момент.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Јас тоа го напомнав на почетокот. Ние можеме да расправаме единствено по текстот на законот, па ако не сме задоволни од законот, можеме да го гласаме или да не го гласаме.

Затоа минуваме на првиот амандман.

Отворам претрес по амандманот на член 3 точка (а), поднесен од Комисијата за транспорт, врски и екологија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за транспорт и врски, повелете.

**Џемали Мехази:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 4 став 1 за менување на точка (2) и на точките (35) и (40), поднесен од пратеникот Јани Макрадули.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за транспорт и врски, повелете.

**Џемали Мехази:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 4 за менување на точка (9) и за додавање нова точка (46) по точката 45, поднесен од пратеникот Јани Макрадули.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за транспорт и врски, повелете.

**Џемали Мехази:** Амандманот исто така се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 4 точка (39), поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за транспорт и врски, повелете.

**Џемали Мехази:** Амандманот се прифаќа.

Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 6 став 1, точка (б) и на став 2 точка (Ѓ) поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за транспорт и врски, повелете.

**Џемали Мехази:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 6 став 1 точка (в), став 2 за менување на точка (а), точка (в) и за менување на точка (з), поднесен од пратеникот Јани Макрадули.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за транспорт и врски, повелете.

**Џемали Мехази:** Амандманот делумно се прифаќа. Предлагам да одиме, бидејќи во еден амандман има неколку точки што се менуваат, некои од нив се прифаќаат, некои не се прифаќаат.

Предлагам да одиме точка по точка.

**Љупчо Јордановски:** Не не може. Амандманот е таков каков што е. Вие, ако мислите дека нешто треба да се прифати, поднесете како Влада во текот на расправата амандман со тие точки што ги прифаќате.

**Џемали Мехази:** Тогаш, не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Дели некој бара збор?

Повелете господине Макрадули имате збор.

**Јани Макрадули:** Почитуван претседателе, почитуван министре,

Сега не знам кој дел за вас беше прифатлив, така што јас ќе го образложам комплетниот амандман. И вчера малку зборував за тоа, ќе апелирам и ќе ги замолам пратениците и од власта, сите пратеници, доколку сметаат дека моето образложение држи, да го поддржат овој мој амандман.

Амандманот се однесува на една од круцијалните работи што ја наведовте во вашето обраќање вчера за патот кон информатичкото општество и надлежностите што си ги зедовте вие како министерство.

Согласно Законот за организација и работа на органите на државната управа, дефинирани се членовите и надлежностите што ги вршат поедините министерства. Во членот 27, во Министерството за транспорт и врски, надлежностите се дефинирани за патниот, железничкиот, воздушниот, внатрешната пловидба, телекомуникациите, радиодифузијата, поштенскиот сообраќај, други видови на транспорт, станбено-комуналните работи итн. Во ниту еден од овие ставови не стои одредбата дека надлежност на Министерството е активностите околу информатичкото општество.

Јас кажав дека тој концепт во Европа, каде што нема посебно министерство, акативностите се на ниво на единици, секретаријати, заеднички служби што ги опфаќаат сите министерства и тој концепт е надминат во Европа. Концептот на заедничка соработка помеѓу министерствата е концепт што ја води целата работа. Јас го дадов примерот, бидејќи ми е најсвеж при посетата на И-единицата на Владата во Лондон, каде што е сменет тој концет и тој концепт е на заеднички министерства.

Покрај тоа, бидејќи велите дека развојот на информатичкото општество ќе придонесе за развој на економијата, постојат држави каде што оваа надлежност се дава во Министерството за економија. Затоа сметам дека преземањето на ваква надлежност во реални услови, какви што постојат во Министерството за транспорт и врски, за жал, велам за жал, не сакам да потценам, од аспект на човечки Република Македонија есурси, во овој момент ќе биде контрапродуктивно. Тој е мојот прв аргумент зошто го давам овој амандман.

Второ, претходниот состав на ова Собрание има усвоено една Декларација за забрзан развој на информатичко општество, каде што ги има дефинирано насоките каде и кој ќе се грижи за развојот или за политиката на информатичкото општество. И, како таа обврска, покојниот претседател Трајковски на Светскиот самит за информатичко општество во декември 2003

година потпиша обврска за формирање на национална стратегија за информатичко општество. Таа стратегија, во овој момент се изработува како задача што сме ја добиле ние како држава, како задача што некој во ова Собрание во претходниот состав ја донел и тоа да ве потсетам со консензус, предложена од еден пратеник од опозицијата и еден од позицијата и, она што е најзначајно, затоа што така напишала Владата во одговорите на “Прашалникот”. Сега ќе ве потсетам, во поглавјето 19 што се однесува на телекомуникациите и информатичката технологија, наведен е целиот овој историјат што го кажувам и пишува дека две од главните цели на Комисијата за информатичка технологија се подготовка на околината за развој на национални политики за информатичко општество и забрзување. Во текот на 2004 година беа интензивирани активности за формулирање на националната стратегија, потпиша Договор со УНДП, Фондацијата за отворено општество, за развој на национална стратегија, дадени се поедини теми, дадени се принципите, тоа се 5-6 страници што сме ги дале во Брисел, дека некој веќе таа стратегија ја работи. И, секаде, каде што добро се држи до стратешките правци на државата, ретко кога развојот на стратегијата се дава во бирократските лавиринти на Министерството, туку напротив се создава еден тим.

**Јани Макрадули:(продолжение)**.

Јас како најзначајно, во име на 31 експерт што учествува во работата на таа стратегија, во име на тоа што четири универзитети се вклучени во оваа работа, значи трите државни и приватниот универзитет на Југоисточна Европа, во име на тоа што претставник од Парламентот, мојот колега Ејуп Рустеми е таму, претставници на невладините организации, претставници на компаниите преку асоцијацијата Масиф, дел од државните институции, значи, 31 човек кои трудољубиво, вредно. пред се,квалитетно работи во претходните четири месеци и кои што првата верзија веќе ја имаат објавено, јавната кампања тече, мислам дека ќе биде апсолутно, контрапродуктивно да се стопира или случајно да се стави под знак прашање еден труд што е вложен, не само од страна на тие луѓе, еден труд што го имаме ние како обврска превземено и од ова Собрание, потписи, билатерални спогодби, што ги потпишале луѓе, во овој случај покојниот претседател Трајковски и еден процес што мораме ние да го направиме до Светскиот самит, вториот дел што се одржува во ноември во Тунис.

Доколку ние тоа како што е предвидено не го завршиме во март тука во Собранието, не ми се верува, со оглед на капацитетот, за жал, несакам да ги потценам луѓето во Министерството за транспорт и врски, но во овој момент нема луѓе кои можат сето тоа да го направат, ќе заглавиме во некои лавиринти и во принцип нема да донесеме добро на концептот.

Овој мој предлог нема врска со Законот за електронски комуникации. Има основа, јас го знам тоа, но можеме да го одвоиме и не претставува опасност за концептот што вие се залагате. Затоа уште еднаш ќе апелирам, со оглед на овие работи што ги кажав, ќе ги замолам пратениците да ме подржат во овој мој амандман.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Дали некој друг бара збор?

Повелете господине министре имате збор.

**Џемали Мехази:** Јас едновставно, од практична причина ќе кажам за некои прашања, да не одиме генерално, туку конкретно што е предлогот и како мисли овој вакум, како што вели и самиот господин дека е многу важен момент информатичкото општество за нашата држава и едноставно, да го прашам која е таа државна институција која ќе го развие, ќе го претставува делот на развивање на информатичкото општество. Дали постои како државна институција која ќе ја претставува нашава држава во меѓународните институции и кој ќе склучи договори, кој ќе го подржува тоа, кој ќе координира со тоа. Едноставно за тоа треба државна институција. Државна институција е Министерството за транспорт и врски кој е носител на законот кој има и права и обврски. Едноставно, не ми е јасно и оставаме празнина, доколку нема како што треба надлежност на Министерството за транспорт и врски, за развивање на информатичкото општество.

Кога реков делумно, едноставно немам ништо во првиот и вториот став. Во третиот став во точка (в) каде се бришат зборовите:”информатичко општество”, не се знае која институција, доколку Министерството за транспорт и врски како што е надлежно за развивање на електронската комуникација и развојот во иднина, која е институцијата и кој ќе координира и кој ќе потпишува и ќе ја претставува државата.

Што се однесува до тоа дека Министерството за транспорт и врски, моментално нема капацитети, тоа е нормално дека веќе со новиот Предлог закон се налага како потреба и доколку нема, тоа може да се комплетира. Апсолутно не може да стои Министерството нема капацитети, а некоја институција треба да се направи да има капацитети, која воопшто не постои. Ако треба да се направи, тогаш во Министерството ќе се состави тим, ќе се отвори сектор, што јас исто така го подржувам тоа, Министерството да не координира за информатичкото општество. Практиката во регионот и во развиениот свет, дури комплетно Министерството раководи во делот на развојот и координација на информатичкото општество. Апсолутно е неприфатливо да оставиме еден сектор од електронски комуникации, условно речено во вакум во нашава држава во која претстојува, а да нема кој да го претставува.

Исто така, со Предлог законот во членот 6 господинот Јани Макрадули со ова не му се скратуваат постоечките комитети кои работат, кои имаа проекции, апсолутно ни што не се скратува од правата, може да функционира како што

функционираше досега со варијантата од член 6 од Предлог законот. Така што таа институција, односно таа Комисија може да си работи и понатаму без никакви проблеми, освен дека има потреба од државна институција која ќе координира во врска со оваа работа, за информатичко општество кое навистина е важно и не смееме да го оставиме без институција која координира, која раководи и која го подржува.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Повелете господине Макрадули.

**Јани Макрадули:** Господине министре лапсусот ви беше добар. Државна институција,да не мислите Комисијата за информатичка технологија е приватна институција.

**Љупчо Јордановски:** Господине Макрадули вие реплицирате не зборувате. Ве молам баравте збор. Зборувајте за амандманот.

**Јани Макрадули:** Зборувам за амандманот. Министерот зборуваше за државна институција. Сакам да наведам дека постои само државна институција, а не постои приватна.

Во членот 6 се наведува дека министерот надлежен за електронските комуникации ја подготвува националната стратегија.Затоа јас сметам дека во овој момент, ниту Министерството, за жал, не потценувам никого, нема капацитет да ја направи таа стратегија. Нема капацитет да ја подготви националната стратегија. Ние треба, бидејќи претседателот Трајковски превзел обврска во декември 2003 година на Самитот во ноември 2005 година во Тунис да се појавиме со таа стратегија. Мене ми е страв, ако се превземат од овој момент обврските, ингеренциите во рамките на Министерството за транспорт и врски, согласно вие како што наведовте да се формира тим, да се формира сектор, да се формира ова, да се формира она и согласно на тоа што го знаеме Буџетот каков е, не постојат шанси да се направи таа стратегија и ми е жал дека ние нема да си ја исполниме таа обврска. Покрај тоа, јас не се повикувам на имагинарни ставови. Јас се повикувам на она што го кажала Владата, на она што премиерот на Македонија го дал во Брисел. Јас не сум го напишал ова, премиерот го дал во Брисел и пишува две од главните цели на Комисијата за информатичка технологија се подготовката на околината за развој на национални политики за информатичко општество и забрзување на имплементација на активности согласно обврските од агенда и во светскиот самит за информатичко општество, не го напишала Владата за џабе, туку знае што се случува во државата.

Потоа вели во 2004 година, читам од одговорите на прашалникот. Беа интензивирани активностите за формулирање на националната стратегија. 31 експерт работат пет месеци. Стратегијата е веќе објавена во нацрт верзија, има јавни расправи низ Македонија. Кажувам, четири универзитети се вклучени, невладени организации и трудот на 31 човек го фрлате во вода, затоа што не знам од кои идеи сакате тоа да го земете во Министерството за транспорт и врски.

Јас мислам дека треба да биде во Министерството за економија, бидејќи со информатичкото општество ќе имаме економски раст. Јас имам друг став. Но затоа, бидејќи има различни приоди за тоа каде да бидат тие надлежности постои закон за органите на управата и тоа треба да се стави во Законот за органите на управата, кое министерство е надлежно за информатичкото општество. Бидејќи во овој момент времето не гази, Владата согласно декларацијата донесена во ова Собрание 2002 година во претходниот состав, каде што пишува, Владата е обврзана да формира комисија и Владата формира комисија. Комисијата добива задача од Владата. Комисијата ги спроведува одлуките на Владата и таа не е приватна институција. Не станува тука збор за мене лично како што велите. Ова е државна институција. А дека сте министер за електронски комуникации, очигледно, бидејќи зборувате на телефон и мислам дека е неколтурно кога јас зборувам, барем респектирајте го тоа, што еден човек во оваа област барем се разбира и сака да направи нешто за Република Македонија и да придонесе во целата оваа работа. Лидерите, реков неколку пати на развој на информатичкото општество се или премиери или претседатели. Затоа господинот Баросо ја води Комисијата за развој и продолжување на Лисабонската стратегија, бидејќи е тоа топ приоритет во Европската комисија. И навистина, не гледам причина лично да етикетирате. Затоа молам, апелирам до пратениците, бидејќи вие завршивте, вие го кажавте вашиот став да прифатат еден труд на 31 човек кои беа вклучени во целата оваа работа, а ова е обврска и од одлука што ја правила Владата, значи и од претходниот мандат, кога премиер беше господинот Хари Костов е донесен и владин концепт и врз база на тој владин концепт, задачите што ги добила таа Комисија за информатичка технологија, што е државна, што ја формирала Владата спроведува и подготвува национална стратегија каде што поканила 31 човек, нашла донатори и спонзори во ЈНДП и Институтот отворено општество и веќе ја имаме јавната расправа и дебата во Република Македонија.

Благодарам, нема да се јавам повеќе.

**Љупчо Јордановски:** Повелете господине министре имате збор.

**Џемали Мехази:** Бидејќи господинот Јани Макрадули имам чувство дека може да ги доведе пратениците во заблуда, во членот 6, каде пишува:"министерот надлежен за електронски комуникации под точка а, ја подготвува националната стратегија за развој во областа на електронските комуникации и информатичките технологии, имајќи ја предвид стратегијата за развој на информатичкото општество во Република Македонија". Апсолутно со нашиот предлог нема никаква пречка, дури точно се

наведува, имајќи ја предвид стратегијата за развој на информатичкјото општество. Отворена е опцијата со тоа што реков, Комисијата може да функционира и ќе функционира се предвиде во Законот. Со амандманот комплетно Министерството како институција се исклучува од надлежностите и координацијата, освен во последната точка, што е во амандманот, каде министерот само може да потпишува, а во горниот дел никакви права, координација, не му се даваат, освен само да потпишува.

Со овој дел не би можел да прифатам дека овој Предлог закон каков што е, го спречува работењето на Комисијата. Во спротивно, под точката а, пишува :"имајќи ја предвид стратегијата за развој на информатичкото општество".

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Дали некој друг бара збор?Никој.

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Објавувам пауза до 12,30 часот, бидејќи одреден број на пратеници имаат некои активности.

(По паузата седницата продолжи во 12,30 часот).

**Љупчо Јордановски:** Продолжуваме со работа.

Ги молам службите да го утврдат бројот на присутните пратеници во салата.

Во салата се присутни 62 пратеници.

Бидејќи претресот по амандманот е заклучен, амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 50 пратеници, 19 пратеници гласале за амандманот, 7 воздржано и 24 против.

Констатирав дека во салата се присутни 63 пратеници.

Констатирам дека амандманот не е усвоен.

Отворам претрес по амандманот на член 8 став 1 и на став 3 точка (А), поднесен од пратеникот Јани Макрадули.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот Мехази. Повелете министре.

**Џемали Мехази:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 8 став 1, поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот Мехази. Повелете министре.

**Џемали Мехази:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 9 точки (И), (Н) и (Ш), поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот Мехази. Повелете министре.

**Џемали Мехази:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 10за менување на став 2 и на став 3 точка (Г), поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот Мехази. Повелете министре.

**Џемали Мехази:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 12,ставови 1, 4 и 5 и за менување на став 7, поднесен од пратеникот Јани Макрадули.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот Мехази. Повелете министре.

**Џемали Мехази:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Дали некој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амаднманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 42 пратеника, 3 за амандманот, 2 воздржано и 37 против. Во салата се присутни 64 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го прифати амандманот.

(Реакции од пратеници во врска со бројот на присутните).

Беа присутни и гласаа, можете на видео лентата да проверите.

Отворам претрес по амандманот на член 12 став 10, поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот Мехази. Повелете министре.

**Џемали Мехази:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 13 ставови 2 и 3, поднесен од пратеникот Јани Макрадули.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот Мехази. Повелете министре.

**Џемали Мехази:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Дали некој бара збор?

Повелете, господине Макрадули, имате збор.

**Јани Макрадули:** Да се извинам дека не дискутирав по претходниот амандман. Да им се извинам на пратениците што ги доведувам во ваква ситуација, пред се на пратениците од СДСМ.

Уште еднаш во интерес на јавноста да кажам дека сите мои предлози се во интерес на граѓаните и подобро имплементирање на Законот за електронски комуникации. Тоа што во овој момент не можеме да го сватиме, очигледно, само ќе ги закочи некои процеси што се ретко добри во нашата држава.

Овој амандман се однесува на составот на Комисијата, каде што во предлогот е предвидено да бидат пет членови, јас сметам дека тој број треба да се прошири на 7 и потоа овој амандман 13 се однесува на тоа колку членови треба да бидат присутни за да се изгласа одредена одлука. Со предлогот на Министерството можно е двајца луѓе да одлучуваат за целата работа, но очигледно бидејќи не се прифати претходниот амандман, овој амандман ќе го повлечам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам. Амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на член 13 за менување на став 3, поднесен од Комисијата за транспорт, врски и екологија.

Со овој амандман не се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот Мехази. Повелете министре.

**Џемали Мехази:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Дали некој бара збор?

Повелете господине Макрадули, а потоа нека се подготви господинот Балковски.

**Јани Макрадули:** Мислев дека претседателот на Комисијата се јавува за збор, па затоа сакав да почекам.

Со предлогот на Владата, во членот 13 се вели дека Комисијата на состаноците работи со кворум од тројца членови и во став 3 - одлуките на комисијата се донесуваат со мнозинство гласови од присутните. Навистина не гледам логика ваков цврст став да се држи, бидејќи ова нема ни врска со Законот за електронски комуникации, има врска со логиката на одлучување и бидејќи Комисијата брои пет члена, може да присуствуваат тројца и изборот на директор, како што е дадено во надлежностите сега за сега во Законот, да се направи со два. Мислам дека нема никаква правна издржаност целата оваа работа, од пет члена вкупно, двајца да одлучуваат за огромен број ингеренции што ги нуди овој закон за Комисијата, така што залудно е и да апелирам во оваа ситуација, јас го подржувам предлогот на Комисијата за транспорт, врски и екологија.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Повелете, господине министре, имате збор.

**Џемали Мехази:** Во однос на ова, исто така сакам да му објаснам на господинот Јани Макрадули, да не употребувам други зборови, треба да го прочита целосно Законот и во членот 15 точно е напишано дека Комисијата не може да работи со помалку од пет члена. Значи е предвидено дека Комисијата не може да работи ако не присуствуваат пет членови, така што ова образложение што го кажа пратеникот дека може да се донесуваат одлуки со двајца членови не држи.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Господине Макрадули имате реплика, повелете.

**Јани Макрадули:** Господине министре, не знам дали го читате законот што го подготвуваше дел од ВМРО-ДПМНЕ или оној што ние го имаме во Собрание. Пишува дека Комисијата на состаноците работи со кворум од тројца членови.

**Љупчо Јордановски:** Повелете, господине Балковски, имате збор.

**Љупчо Балковски:** Во поддршка на овој амандман од Комисијата за транспорт, врски и екологија, најпрво сакам да кажам дека една од придобивките на овој закон, како што кажаа и претставниците на Министерството за транспорт и врски е формирање на Агенција. Во членот 11 се кажува дека органи на Агенцијата се Комисијата и директорот. Потоа во членот 12 дека Комисијата се состои од пет члена, вклучувајќи го и претседателот кој што претседава со состаноците на Комисијата.

Сега доаѓаме до членот 13, каде што кажуваме дека Комисијата се состанува најмалку еднаш месечно и потоа во став 2 се вели дека Комисијата на состаноците работи со кворум од тројца члена. Значи, Комисијата ако се состанува, прво се состанува најмалку еднаш месечно, после работи со кворум од тројца членови, едноставно какви ќе бидат тие одлуки што ќе ги носи Комисијата со кворум од тројца членови. Навистина треба да го прифатиме амандманот од Комисијата, каде што децидно се кажуваат работите за да може Комисијата да функционира.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Госпоѓо Ивановска, имате збор.

**Лилјана Ивановска:** Благодарам, претседателе,

Почитувани претставници на Влада, почитувани колеги, на Комисијата овој амандман беше предложен токму од тие причини кои ги кажа и господинот Макрладули и господинот Балковски. Им препорачувам на колегите да гласаат за овој амандман и жалам што претходно не беше прифатен амандманот на колегата Макрадули, каде што предлага седумчлена комисија, имајќи ги предвид големите надлежности на Комисијата што ги има во овој закон, така што моќта на одлучување ќе биде во мал број на луѓе. Овој кворум од тројца членови и тој начин на одлучување и одбивањето на овој амандман ќе доведе до едно нелегитимно одлучување.

Затоа, предлагам овој амандман да биде прифатен со мнозинство гласови од вкупниот број членовви на Комисијата.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Има збор господинот Тромбев, а потоа Драган Ѓоргиев.

**Томе Тромбев:** Благодарам, господине претседател,

Јас се јавувам за поддршка на овој амандман, бидејќи како што знаеме согласно законот Комисијата ја избира Собранието и во Комисијата верувам дека ќе бидат застапени експерти на кои политичките партии на ова Собрание ќе им дадад доверба. Пет претставници е вкупниот број на Комисијата и да се донесуваат одлуки со само гласа за навистина би било преседан. Затоа, Комисијата ценеше дека би било добро кога одлуките би се донесувале со мнозинство од вкупниот број на членови, што значи минимум три гласови. Затоа, цениме и како претседател на Комисијата ги повикувам пратениците да дадат поддршка на ваквиот предлог.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Повелете, господине Ѓоргиев, а потоа е на ред пратеникот Спиро Мавровски.

**Драган Ѓоргиев:** Благодарам, претседателе,

Да не се повторуваме многу, навистина е чуден односот на министерот и на предлагачот. Ние во Комисијата сметавме дека тоа е техничка грешка. Која е причината да не прифатат да одлучуваат по важни одлуки, како што се донесување на статут, донесување на буџет и именување директор, на петтчлена комисија, тоа не е 30 члена комисија па имаме проблеми со кворумот. Тоа е петчлена комисија и Министерството да каже која е причината, една причина да каже, еден аргумент да даде која е причината да не ги донесуваат одлуките барем тројца од петте луѓе, имајќи ја предвид широката надлежност на Комисијата и имајќи го предвид понатаму легитимитет на директорот и одлуките кои ќе ги носат и директорот и Комисијата.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Повелете господине Мавровски, а потоа на ред е пратеникот Игор Ивановски.

**Спиро Мавровски:** Благодарам господине претседателе,

Членот 13 е поврзан со членот 12 и ние како пратеници пропуштивме можност да гласаме за претходниот член, каде што ќе имавме можност ова да се прифати и да бидат седум члена, и тогаш ќе можевме да разговараме за мнозинство од вкупниот број. Во овој случај ќе дојдеме до една математичка грешка и ова како што го кажуваме, мнозинство гласови од вкупнот број или од присутните членови, доаѓаме повторно до бројката три, што во една ситуација му дава поголемо право на претседателот на Комисијата, доколку се четворица тој да биде пресуден во одлучувањето.

**Спиро Мавровски:** (продолжение) членот 13 е директно поврзан со членот 12, кој што министерот требаше да го прифати затоа што на овој начин ние стриктно треба да ба раме било која комисија да се одржува со вкупниот број на членови и претседателот, значи со сите 5 члена за донесување на одлуки. Сето друго, доколку се 4 од вкупниот број мнозинство тоа е пак три члена, како што е тука и предвидено дека Комисијата може да работи со кворум од 3 членови и како што кажавме со 2 членови да донесеме одлука апсолутно е некоректно.

Сега се враќаме. . .

**Љупчо Јордановски:** Господине Мавровски, тоа што поминало, поминало, сега дискутирајте за амандманот.

**Спиро Мавровски:** Не е така претседателе, тоа што поминало поминало, во оваа ситуација ние не можеме да го исправиме.

**Љупчо Јордановски:** Вие сега не можете да ги враќате работите. Јас ја разбирам Вашата расправа, околу текстот на Законот можете да го кажете како проблем што ќе се појави, а сега имате по определен амандман, кажете дали сте “за” или “против” или нешто трето што мислите.

**Спиро Мавровски:** Во секој случај ќе гласаме за амандманот, но тука не го решаваме проблемот. Проблемот е малку поинаков. Со ова не добиваме решение на ова што е предложено како амандманска расправа и како што треба да го прифати министерот. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Господине Ивановски имате збор, а нека се подготви пратеникот Ристала Лалчевска.

**Игор Ивановски:** Иако и досегашната расправа по овој амандман покажува дека тој најверојатно ќе биде подржан, и јас се јавувам во контекст на поддршка иако не сум член на матичната комисија која што го предлага овој амандман, но станува збор за сосема логична работа. Ќе се обидам да го разберам овој предлог по закон кој е во вид на несреќно решение или грешка. Ќе се обидам да го разберам така од страна на Министерството бидејќи демократијата е во залудност, кога има предност повеќе луѓе да одлучуваат, а кога веќе не се успеа тој број на Комисијата да биде зголемен во најмала рака не смееме да

дозволиме дефакто во оваа комисија да одлучуваат екстремно малку луѓе.
Очекувам дека и сите останати пратеници, без разлика на кој начин учествуваа во изминатиот период во текот на расправата ќе дадат поддршка на овој амандман. Благодарам.
**Љупчо Јордановски:** Благодарам.
Повелете госпоѓо Лалчевска имате збор.
**Ристана Лалчевска:** Благодарам господине претседателе, сосема накратко во поддршка на амандманот на Комисијата, бидејќи овде се јавува еден правен и математички апсурд. Од комисија од 5 члена ако се присутни тројца, двајца гласаат за одлуката, тогаш не се работи за одлука донесена со мнозинство, туку се работи за одлука донесена од малцинство. Правото на претседателот на комисијата, кој е предвиден во член 13 сав 3 е дека тој ќе одлучува, и ја донесува конечната одлуката според бројот на членовите.
Затоа јас давам поддршка на амандманот на комисијата одлуката да се носи со мнозинство на гласови од вкупниот број, бидејќи познати ссе во правото и воопшто просто мнозинство, мнозинство и двотретинско, а овде одлуката да се носи со апсолутно мнозинство. Само така ќе добиеме мнозинство од сите членови, а не одлука донесена со малцински број на вкупниот број членови. Благодарам.
**Љупчо Јордановски:** Благодрам.
Молам дали некој друг бара збор? (Никој)
Бидејќи никој друг не бара збор го заклучувам пртресот по амандманот и ги молам пратениците да влезат во салата.
Ги молам службите да го утврдат бројот на присутните пратеници во салата.
(Службите ги пребројуваат пратениците во салата).
Ги молам пратениците да влезат во салата.
Сега во салата со господинот Оровчанец сме 61.
Амандманот го ставам на гласање.
Ве повикувам да гласаме.
Вкупно гласале 62 пратеника од кои 56 гласале за амандманот, тројца воздржано и тројца против.
Констатирам дека Собранието го усвои амандманот и станува составен дел од текстот на законот.
**Отворам претрес по амандманот на член 13 ставови 3, 4 и 5 поднесен од Законодавно-правната комисија.**
Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.
Го молам претставникот на Владата да се произнесе.
Има збор претставникот на Владата, министерот за сообраќај и врски.
**Џемали Мехази:** Се прифаќа амандманот.
**Љупчо Јордановски:** Амандманот се прифаќа и станува составен дел на текстот на Законот.
Отворам претрес по амандманот на член 14 точка (г) за бришење на точка (д) и за додавање две нови точки (и) и (ј) по точката (ѕ) поднесен од пратеникот Јани Макрадули.
Го молам претставникот на Владата да се произнесе.
Има збор претставникот на Владата, министерот за сообраќај и врски.
**Џемали Мехази: А**мандманот не е прифатен.
**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.
Молам, дали некој бара збор?
Процедурално бара збор госпоѓа Ивановска.
**Лилјана Ивановска:** Законодавно-правната комисија има поднесено амандман на тој став со што практично веќе отпаѓа овој дел на амандманот од Законодавно-правната комисија.
**Љупчо Јордановски:** Тоа ќе го направите во пречистениот текст на Законот. Во секој случај во пречистениот текст на Законот тоа ќе се регулира. Претпоставувам дека правнички тоа е во ред. Два исти амандмана не може два пати да се пишуваат.
Господине Макрадули повелете, имате збор по повод овој амандман што не е прифатен од министерот.
**Јани Макрадули:**Благодарам претседателе,
Овој амандман е поврзан со следниот амандман и затоа сега ќе зборувам за двата.
Прво, во овој амандман се додаваат две нови надлежности на Комисијата, што сметам дека треба, ако кажам мора е премногу течок збор да ги има. Мислам дека надлежност на Комисијата треба да ги провереува и одобрува референците поднесени од страна на операторите, бидејќи тоа е една од клучните работи во процесот на либерализација и колку операторот со значителна пазарна моќ е спремен да го отвори пазарот и да биде кооперативен во целиот овој процес. Доколку не се случи тоа државата треба да обезбеди механизми како операторот со значителна пазарна моќ ќе може или ќе треба да го контролира.Мислам дека треба да биде наведено во надлежностите на Комисијата и да врши анализа на се она што се случува на пазарот на телекомуникации, да ги дефинира новите обврски.
Покрај тоа една од надлежностите што е наведена во член 14, а тоа е дека го именува директорот на Агенцијата јас сметам дека заради поголема независност, заради поголема транспарентност, заради поголема моќ, бидејќи регулаторното тело треба да го има тоа директорот на Агенцијата треба да го избира Собранието на Република Македонија. Затоа оваа надлежност ја тргнам од Комисијата, предлагам да се повлече од Комисијата, па потоа со следниот амандман тоа и го регулирам. Има примери различни во Европа на кој начин ќе се избере директорот на Агенцијата и бидејќи директорот на Агенцијата поднесува извештај до ова Собрание мислам дека е логично и добро да го избереме ние во Собранието.
Од друга страна давајќи можност комисија да го избере директорот ќе создадеме едни услови каде што Комисијата ќе може да диктира некои барања или услови кон директорот бидејќи ќе добиеме потполна независност. Покрај тоа целиот процес на започнување на процесот на либерализација, а што е во функционална независност од етаблирањето на Агенцијата,

регулаторот, многу побрзо ќе започне целиот процес, бидејќи на иста седница ќе ги избереме и членовите на Комисијата и на директорот и нема да ни бидат потребни нови 40 или 45 дена, согласно законските прописи да избереме директор на Агенцијата. Тој директор да биде избран од 5 члена на Комисијата, за среќа сега со тројца да изберат една таква клучна позиција во процесот на либерализација, како што е директорот.

Затоа овој амандман е во интерес на изборот на директорот да биде од страна на Собранието, како што е на пример во дел од земјите, во Словенија на пример само Комисијата се избира од Собранието а Министерството за информатичко општество го назначува директорот, во Германија претседателот на државата, различни држави различно го прават но мислам дека поголема транспарентност и моќ ќе му дадеме доколку го избира Собранието.

**Љупчо Јордановски:** Благодрам, господине Макрадули.

Да ги известам пратениците дека овој амандман не се однесува на избор на директорот, туку следниот амандман, затоа што можеме да направиме конфузија.

**Јани Макрадули:** Претседателе, јас мислам дека министерот ме следи што зборував.

Во надлежности на комисијата пишува дека го именува директорот на Агенцијата и јас го бришам тој член. Ве молам, барем дотолку сум концентриран.

**Љупчо Јордановски:** Ние зборуваме за амандманот 14.

**Јани Макрадули:** Амандманот на член 14 точка (д).

Точка (д) се брише а точката (ѕ) се додава, 4 става се.

**Љупчо Јордановски:** Молам, дали некој друг бара збор.

**Спиро Мавровски:** Благодарам господине претседателе.

Точката (г) е во ред и покрај тоа што не ја коментираше господинот Макрадули со додавка на Агенцијата каде што се работи за одобрување на годишен извештај за работата, а не се нагласува за кој.

Точката (д) која што треба да се брише каде што се кажува дека го именува директорот на Агенцијата согласно со овој закон мислам дека и ова што го проговори господинот Макрадули ние треба да стигнеме до независни. Таа независност многу тешко ни оди за овие регулаторни тела кои што се бираат, дали тоа ќе биде Парламентарното мнозинство, или мнозинството парламентарно мнозинство, или на овој начин овие пет луѓе што ќе ги избереме во Агенцијата, кои што повторно ќе поминат на предлог на парламентарното мнозинство, ние де добиваме некое регулаторно тело, кое што ќе биде независно и врз основа на кое што понатаму ќе можеме да утврдиме дека тоа ќе биде правата регулација на се ова што ќе се случува според овој закон. Значи, без разлика дали ова ќе се брише, дали ќе бидат пет члена и дали ќе биде изборот од овој Парламент мислам дека требаше да се внимава многу повеќе на начинот на кој што овие луѓе ќе треба да бидат бирани во Парламентот. Значи изборот на луѓе и начинот на кој што ние треба да ги избереме по предлог на позиција, опозиција итн. Тука е суштината, дали тоа ќе го бират пет луѓе или ќе го бираме ние тука 61 пратеник "за", мислам дека не менува многу. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Повелете госпоѓа Ивановска.

**Лилјана Ивановска**: Благодарам, господине претседателе,

Најнапред ќе кажам дека ќе го поддржам овој амандман бидејќи тесно е поврзан со начинот на избор на директор на Агенцијата. Начинот на избор на Агенцијата не ја гарантира независноста на тоа тело.

Независноста на телото зависи од законските решенија кои овде ќе ги донесеме околу надлежностите на Агенцијата и начинот на контрола на таа Агенција и нејзината работа.

Да ве потсетам дека во Собранието ја избравме Антикорупциската комисија, ја избравме Комисијата за заштита на конкуренцијата, така да независноста на тие тела не зависи од начинот на изборот. Во многу земји постои начин на избор на регулаторни тела кои што имаат исклучителна моќ, кои што ги назначува или претседателот или премиерот или Собранието, така да ова решение нуди поголем кредибилитет на избраниот директор на дирекцијата со овој амандман.

Затоа, ќе го поддржам и овој амандман и следниот каде што се регулира начинот на из бор на директор на Агенцијата затоа што значи поголем легитимитет и поголема контрола на работата на Агенцијата. Благодрам.

**Љупчо Јордановски:** Благодрам.

Молам, дали некој друг бара зобр?

Повелете господине министре имате збор.

**Џемаил Мехази:** Сега повеќе се зборуваше во делот на начинот за избор на директор а јас имам само неколку одговори.

Ако директорот се избира од Парламентот значи се оневозможува со воспоставување на двостепеност во одлучувањето. Исто така постоење на две тела избрани од еден ист начин го поставува прашањето дали е потребно да постојат овие два органи.

Трето, кое е и најважно и за кое имаме исто така препораки од сите експерти од ЕУ кои беа ангажирани и целосно Законот беше прифатен од нивна страна така што кое е клучното прашање, зошто да се избира од страна на Комисијата. Едноставно затоа што е запазена целта на транспарентност. Ако директорот се избира на конкурс, значи на конкурс ќе се избира, ќе има конкурс со сите процедури и сите заинтересирани експерти кои ќе конкурираат за директор врз база на тие членови ќе одлучи.

**Љупчо Јордановски:** Господине Ѓеорѓиев, имате реплика, или барате збор.

(Бара збор).

Повелете имате збор.

**Драган Ѓорѓиев:** Јас сметам дека овој амандман не треба да се прифати, затоа што во развиените земји има две пракси.
Собранието да ја избира комисијата, а Комисијата директорот, или пак Владата да го бира директорот.Значи се согласува со искажувањата на министерот, независноста на овие два органи и двостепеното одлучување е подобро, така како што е уредено во законот.
Благодарам.
**Љупчо Јордановски:** Молам дали некој друг бара збор?
Бидејќи никој друг не бара збор го заклучувам претресот, по амандманот.
Ги молам пратениците да влезат во салата.
(Пратеници влегуваат во салата)
Молам службите да го утврдат бројот.
(Службите ги пребројуваат присутните пратеници во салата)

**Љупчо Јордановски:** (Продолжение)

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Се извинувам, но ги м олам службите уште еднаш нека го утврдат бројот на присутните, а тие кои се надвор од салата нека влезат.

Во салата се присутни 60 пратеници.

Молам, уште еднаш пратениците да влезат во салата.

Сега сме 61 пратеник во салата.

Претресот по амандманот е затворен.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 53 пратеници, 12 пратеници гласале за, 3 пратеници гласале воздржано и 38 пратеници гласале против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Во салата беа присутни 62 пратеника.

Отворам претрес по амандманот на член 14 точка ж, поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор минситерот за транспорт и врски Џемали Мехази.

**Џемали Мехази:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 16 за менување на ставовите 1 и 2 и на став 3, поднесен од пратеникот Јани Макрадули.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор минситерот за транспорт и врски, повелете, Џемаил Мехази.

**Џемали Мехази:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Повелете господине Макрадули имате збор.

**Јани Макрадули:** Добро, јас реков дека со овој амандман имаше смисла и поврзаност со претходниот амандман. Се однесуваше на изборот на директор. Само во интерес на јавноста да кажам дека има собранија кои го бираат претседателот на Агенцијата, директорот на Агенцијата или пак како што беше кажано, ама не прицизно бираат комисија и еден од тие членови е и директор на Агенцијата. Бидејќи, не се донесе претходниот амандман, а е поврзан, за жал, ќе морам да го повлечам. Но, ќе останат недоследноста што ми беше кажано дека доколку имам повеќе забелешки на еден член, морам да ги ставам во еден амандман. Сега, повлекувајќи го амандманот ќе треба да ги повлечам и другите измени на ставовите и ќе остане во важност дека Комисијата е должна да

именува директор не подоцна од 30 дена пред истекот на мандатот на неговиот претходник и 30 дена ќе имаме теоретски два директори. Заради тоа, тие непрецизности што сакав да ги елиминирам ќе останат во ветер. Го повлекувам амандманот.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на член 16 став 3 поднесен од Комисијата за транспорт, врски и екологија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за транспорт и врски, повелете.

**Џемали Мехази:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандмнаот на член 16, став 3 поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор минситерот Мехази, повелете.

**Џемали Мехази:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 17 став 1, точка ѓ, поднесен од пратениците Аднан Јашари и Рафис Алити.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор минситерот Мехази, повелете.

**Џемали Мехази:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на законот.

Повелете господине Макрадули имате процедурално.

**Јани Макрадули:** Во има на пратеничката гупа барам половина час пауза, бидејќи е прифатен

еден амандман што не знам дали има одобрение од Владата да се прифати.

**Љупчо Јордановски:** Објавувам пауза од половина час.

Значи, во 15,00 часот продолжуваме после пауза за ручек.
(По паузата седницата продолжи во 15,00 часот)

**Слободан Најдовски:** Продолжуваме со работа.

Отворам претрес по амандманот на член 17 став 4 поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за транспорт и врски господинот Џемали Мехази.

**Џемали Мехази:** Амандманот се прифаќа.

**Слободан Најдовски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 18 став 1 поднесен од пратеникот Јани Макрадули.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за транспорт и врски господинот Џемали Мехази.

**Џемали Мехази:** Амандманот не е прифатен.

Дали некој бара збор?

Има збор господинот Јани Макрадули.

**Јани Макрадули:** Бидејќи амандманот беше поврзан со претходни амандмани кои не се изгласаа, јас го повлекувам.

**Слободан Најдовски:** Амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на член 21 став 3 поднесен од Комисијата за транспорт, врски и екологија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор Џемали Мехази.

**Џемали Мехази:** Амандманот се прифаќа.

**Слободан Најдовски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 24 став 1 точка г) поднесен од пратеникот Јани Макрадули.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор Џемали Мехази.

**Џемали Мехази:** Амандманот се прифаќа.

**Слободан Најдовски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 24 став 4 точка б) поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**Џемали Мехази:** Амандманот се прифаќа.

**Слободан Најдовски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 26 став 3 поднесен од пратеникот Јани Макрадули.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**Џемали Мехази:** Амандманот не се прифаќа, бидејќи ревизијата не се врши на финансиските извештаи на Агенцијата, туку на целосното финансиско работење. Не се прифаќа со цел, значи ревизијата да се направи повеќе за контрола на целосното финансиско работење, а не само за финансиските извештаи кои ќе бидат поднесени.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Дали некој бара збор?

Има збор господинот Јани Макрадули.

**Јани Макрадули:** По мојата логика ревизијата кога ја врши надворешен и независен ревизор може да се однесува само на финансиските извештаи, не може да се однесува на друго. Но, да не комплицираме, мислам дека другите ставови што се однесуваат за сметководственото работење си има други институции што ги надгледувааат. Ревизорот може да врши само на финансиски извештај. Во интерес на времето ќе го повлечам амандманот.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на член 28 за пренумерација на ставовите од 2 до 7 и на новиот став 8 поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор Џемали Мехази.

**Џемали Мехази:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот од предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 30 став 1 поднесен од Комисијата за транспорт, врски и екологија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор Џемали Мехази.

**Џемали Мехази:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот од предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 30 ставови 4 и 7 поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор Џемали Мехази.

**Џемали Мехази:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот од предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 30 став 7 поднесен од пратеникот Јани Макрадули.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор Џемали Мехази.

**Џемали Мехази:** Амандманот не се прифаќа од причини што сметаме дека рокот предвиден во Предлог законот од 30 дена е разумен рок, а со амандманот поднесен од страна на господинот Јани Макрадули се пролонгира времето.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

**Јани Макрадули:** Амандманот што го поднесувам е некој компромис од предлогот и она што го бараат операторите и она што праксата го покажа во Македонија. Проблематиката се однесува кога неколку оператори треба да користат заеднички комуникациски објекти отколку да го делат, без разлика што се покажало дека можеби тоа им е поевтино. Праксата во Република Македонија покажа и прес конференции се организираа, се обвинуваа едни со други, смета, зрачи и меѓу себе им пречи, штетни интерференции се јавуваат и за жал тие проблеми тешко да се решат во рок од 30 дена. Камо среќа да можат да се решат за 30 дена. Затоа го дадов предлогот од 45 дена, а не од некои други причини. Амандманот ќе го повлечам.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на член 32 за менување на став 2, став 7 и за бришење на ставовите 6 и 9 поднесен од пратеникот Јани Макрадули.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор Џемали Мехази.

**Џемали Мехази:** Амандманот не се прифаќа од причина дека е предвидено, нема потреба за оптеретување на текстот на законот, со оглед на фактот дека истото ќе биде разработено со подзаконски акт.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

**Јани Макрадули:** Овој амандман нема да го повлечам затоа што сметам дека нема потреба да го чекаме донесувањето на подзаконскиот акт, ако навистина се залагаме за започнување на процесот на либерализација час поскоро. И затоа јас често укажувам дека лоши се сигналите што ги праќаат дел од вработените во Министерството за транспорт и врски, дека овој процес ќе трае долго. Сите граѓани очекуваат процесот на либерализација да почне брзо. За да не ги чекаме тие подзаконски акти еден од начините на финансирање на Агенцијата претставува и овој годишен надоместок што треба да го плаќаат. Инаку, сакам да кажам дека Агенцијата, за тоа сакав и вчера да укажам на некои пратеници, значи Агенцијата е непрофитна организација. Таа својот буџет го планира однапред врз база на 4 параметри: надоместокот за користење на радиофрекфенција, доделување на броеви и серија броеви, надоместок за надзор и универзалната услуга дел од Фондот што го собира, па потоа го враќа до операторите во Република Македонија. Затоа да не го чекаме подзаконскиот акт, да донесеме нешто што веќе функционира во Република Македонија, а тоа е овој надоместок што операторите го плаќаат согласно договорот за концесија 250 илјади евра беше досега. Тоа да го пропишеме со овој процент од 0,5 како што е дадено во предлогот и мислам дека ќе го забрзаме процесот, месец дена ќе искористиме во целиот тој процес на либерализација.

**Љупчо Јордановски:** Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Ги молам службите да го утврдат бројот на присутни пратеници во салата.

Ги замолувам пратениците да влезат во салата.

Јас ќе морам да ги уклучам десетте минути да течат.

Објавувам пауза од половина час и ги молам координаторите да ме известат дали може да се обезбеди кворум или не?

Пауза до 16,00 часот.

Пауза од 15 минути.

Ве молам да ме известат координаторите дали можат да обезбедат кворум.

(По паузата седницата продолжи во 15,00 часот)

**Слободан Најдовски:** Продолжуваме со работа.

Отворам претрес по амандманот на член 17 став 4 поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за транспорт и врски господинот Џемали Мехази.

**Џемали Мехази:** Амандманот се прифаќа.

**Слободан Најдовски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 18 став 1 поднесен од пратеникот Јани Макрадули.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за транспорт и врски господинот Џемали Мехази.

**Џемали Мехази:** Амандманот не е прифатен.

Дали некој бара збор?

Има збор господинот Јани Макрадули.

**Јани Макрадули:** Бидејќи амандманот беше поврзан со претходни амандмани кои не се изгласаа, јас го повлекувам.

**Слободан Најдовски:** Амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на член 21 став 3 поднесен од Комисијата за транспорт, врски и екологија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор Џемали Мехази.

**Џемали Мехази:** Амандманот се прифаќа.

**Слободан Најдовски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 24 став 1 точка г) поднесен од пратеникот Јани Макрадули.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор Џемали Мехази.

**Џемали Мехази:** Амандманот се прифаќа.

**Слободан Најдовски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 24 став 4 точка б) поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**Џемали Мехази:** Амандманот се прифаќа.

**Слободан Најдовски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 26 став 3 поднесен од пратеникот Јани Макрадули.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**Џемали Мехази:** Амандманот не се прифаќа, бидејќи ревизијата не се врши на финансиските извештаи на Агенцијата, туку на целосното финансиско работење. Не се прифаќа со цел, значи ревизијата да се направи повеќе за контрола на целосното финансиско работење, а не само за финансиските извештаи кои ќе бидат поднесени.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Дали некој бара збор?

Има збор господинот Јани Макрадули.

**Јани Макрадули:** По мојата логика ревизијата кога ја врши надворешен и независен ревизор може да се однесува само на финансиските извештаи, не може да се однесува на друго. Но, да не комплицираме, мислам дека другите ставови што се однесуваат за сметководственото работење си има други институции што ги надгледуваааt. Ревизорот може да врши само на финансиски извештај. Во интерес на времето ќе го повлечам амандманот.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на член 28 за пренумерација на ставовите од 2 до 7 и на новиот став 8 поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор Џемали Мехази.

**Џемали Мехази:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот од предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 30 став 1 поднесен од Комисијата за транспорт, врски и екологија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор Џемали Мехази.

**Џемали Мехази:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот од предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 30 ставови 4 и 7 поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор Џемали Мехази.

**Џемали Мехази:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот од предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 30 став 7 поднесен од пратеникот Јани Макрадули.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор Џемали Мехази.

**Џемали Мехази:** Амандманот не се прифаќа од причини што сметаме дека рокот предвиден во Предлог законот од 30 дена е разумен рок, а со амандманот поднесен од страна на господинот Јани Макрадули се пролонгира времето.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

**Јани Макрадули:** Амандманот што го поднесувам е некој компромис од предлогот и она што го бараат операторите и она што праксата го покажа во Македонија. Проблематиката се однесува кога неколку оператори треба да користат заеднички комуникациски објекти отколку да го делат, без разлика што се покажало дека можеби тоа им е поевтино. Праксата во Република Македонија покажа и прес конференции се организираа, се обвинуваа едни со други, смета, зрачи и меѓу себе им пречи, штетни интерференции се јавуваат и за жал тие проблеми тешко да се решат во рок од 30 дена. Камо среќа да можат да се решат за 30 дена. Затоа го дадов предлогот од 45 дена, а не од некои други причини. Амандманот ќе го повлечам.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на член 32 за менување на став 2, став 7 и за бришење на ставовите 6 и 9 поднесен од пратеникот Јани Макрадули.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор Џемали Мехази.

**Џемали Мехази:** Амандманот не се прифаќа од причина дека е предвидено, нема потреба за оптеретување на текстот на законот, со оглед на фактот дека истото ќе биде разработено со подзаконски акт.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

**Јани Макрадули:** Овој амандман нема да го повлечам затоа што сметам дека нема потреба да го чекаме донесувањето на подзаконскиот акт, ако навистина се залагаме за започнување на процесот на либерализација час поскоро. И затоа јас често укажувам дека лоши се сигналите што ги праќаат дел од вработените во Министерството за транспорт и врски, дека овој процес ќе трае долго. Сите граѓани очекуваат процесот на либерализација да почне брзо. За да не ги чекаме тие подзаконски акти еден од начините на финансирање на Агенцијата претставува и овој годишен надоместок што треба да го плаќаат. Инаку, сакам да кажам дека Агенцијата, за тоа сакав и вчера да укажам на некои пратеници, значи Агенцијата е непрофитна организација. Таа својот буџет го планира однапред врз база на 4 параметри: надоместокот за користење на радиофрекфенција, доделување на броеви и серија броеви, надоместок за надзор и универзалната услуга дел од Фондот што го собира, па потоа го враќа до операторите во Република Македонија. Затоа да не го чекаме подзаконскиот акт, да донесеме нешто што веќе функционира во Република Македонија, а тоа е овој надоместок што операторите го плаќаат согласно договорот за концесија 250 илјади евра беше досега. Тоа да го пропишеме со овој процент од 0,5 како што е дадено во предлогот и мислам дека ќе го забрзаме процесот, месец дена ќе искористиме во целиот тој процес на либерализација.

**Љупчо Јордановски:** Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Ги молам службите да го утврдат бројот на присутни пратеници во салата.

Ги замолувам пратениците да влезат во салата.

Јас ќе морам да ги уклучам десетте минути да течат.

Објавувам пауза од половина час и ги молам координаторите да ме известат дали може да се обезбеди кворум или не?

Пауза до 16,00 часот.

Пауза од 15 минути.

Ве молам да ме известат координаторите дали можат да обезбедат кворум.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам, Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Го повлековте, се извинувам.

Значи амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на член 34 ставови 1 и 6, поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за транспорт и врски.

Повелете министре.

**Џемали Мехази:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на Законот.

Отворам претрес по амандманот на член 36 став 3, поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за транспорт и врски.

Повелете министре.

**Џемали Мехази:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на Законот.

Отворам претрес по амандманот на член 36 став 3 поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за транспорт и врски.

Повелете министре.

**Џемали Мехази:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на Законот.

Отворам претрес по амандманот на член 38 став 1 поднесен од пратеникот Јани Макрадули.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за транспорт и врски.

Повелете министре.

**Џемали Мехази:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на Законот.

Отворам претрес по амандманот на член 38 став 6, поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за транспорт и врски.

Повелете министре.

**Џемали Мехази:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на Законот.

Отворам претрес по амандманот на член 39 став 1 и за менување на став 2, поднесен од пратеникот Јани Макрадули.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за транспорт и врски.

Повелете министре.

**Џемали Мехази:** Амандманот не се прифаќа.

Одредбите кои се однесуваат на универзална услуга се директни пораки на експертот од Европската Унија, така што посебно што се однесува на земјите кандидати за Европската Унија.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Повелете господине Макрадули имате збор.

**Јани Макрадули:** Ние како земја кандидат за членство во Европската Унија точно ги знаеме обврските што треба да ги направиме и ова нема врска со тоа што го кажувате вие.

Во вашиот Предлог на закон односно во Предлогот на Владата пишува, да не го читам целиот став 1, и од тоа остваруваат минимум бруто приход што го утврдува Агенцијата со подзаконски акт.

Јас велам нема смисла Агенцијата не може да утврди колку е бруто приходот што го остварува една компанија. Ова нема врска ниту со Европска Унија ниту со други експерти од ЕУ. Ова има практична примена, бидејќи минималниот бруто приход што го остварува компанијата ќе го одреди некој друг, а не Агенцијата со подзаконски акт.

Го повлекувам амандманот.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на член 39 став 3, поднесен од пратеникот Јани Макрадули.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за транспорт и врски.

Повелете министре.

**Џемали Мехази:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на Законот.

Отворам претрес по амандманот на член 39 став 3, поднесен од Комисијата за транспорт, врски и екологија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за транспорт и врски.

Повелете министре.

**Џемали Мехази:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен.

Повелете процедурално господине Тромбев.

**Томе Тромбев:** Овој амандман од Комисијата е истиот амандман што претходно беше прифатен од страна на министерот, амандман на господинот Јани Макрадули. Што значи безпредметен станува со прифаќањето на амандманот и попрецизно е определен во амаднманот на господинот Макрадули.

**Љупчо Јордановски:** Предлагачите се различни и јас морам тоа да го прочитам, а Министерството требаше да има поголемо внимание, но во секој случај во пречистениот текст ќе биде само едно решение.

Отворам претрес по амандманот на член 40 став 6, поднесен од Комисијата за транспорт, врски и екологија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за транспорт и врски.

Повелете министре.

**Џемали Мехази:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 41 став 3, поднесен од Комисијата за транспорт, врски и екологија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за транспорт и врски.

Повелете министре.

**Џемали Мехази:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 43 ставови 1 и 4, поднесен од пратеникот Јани Макрадули.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за транспорт и врски.

Повелете министре.

**Џемали Мехази:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на законот.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 43 став 1, поднесен од пратениците Аднан Јашари и Рафис Алити.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за транспорт и врски.

Повелете министре.

**Џемали Мехази:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на законот.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 44 став 5 точка (В),поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амаднман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за транспорт и врски.

Повелете министре.

**Џемали Мехази:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на законот.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 45 ставови 2 и 4, поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амаднман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

(Претседателот наместо министер за транспорт и врски рече министер за финансии, на што беше опоменат од господинот Томе Тромбев).

Има збор министерот за транспорт и врски.

Повелете министре.

**Џемали Мехази:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на законот.

Се извинувам, овој проблем што го имаме што поверникот ги прифаќа, па морам јас да ги читам, ги прифаќа претставникот, тоа треба да се реши деловнички.

Овој амандман се прифаќа.

Треба да доаѓате на матичната комисија.

Амандманот станува составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 48 став 6, поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амаднман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за транспорт и врски.

Повелете министре.

**Џемали Мехази:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 49 став 3, поднесен од пратеникот Јани Макрадули.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за транспорт и врски.

Повелете министре.

**Џемали Мехази:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Дали некој бара збор?

Повелете господине Макрадули.

**Јани Макрадули:** Амандманот се однесува на тоа една од клучните работи што и вчера зборувавме во дискусијата повеќе пратеници на процесот на либерализација е одвоеното сметководство што треба да го имаат операторите и во законот се предлага односно Владата предлага Агенцијата да ја пропише формата и сметководствената методологија.

Овде јас предлагам да се направи во консултација со операторите со што ќе се почитува принципот на транспарентност и коректност за целата работа. Не мора да се наметнува како некое строго правило Агенцијата да ја дефинира формата и сметководствената методологија. Секоја компанија може тоа да го направи на свој начин, нормално, доколку е во согласност со она што го бара Агенцијата.

Не гледам причина дека може да направи проблем во законот.

**Љупчо Јордановски:** Дали некој друг бара збор?

(Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амамдманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 49 пратеника, 8 гласале за, 9 воздржани, 32 против.

Ги молам службите да го утврдат бројот на присутните.

(Службите ги пребројуваат пратениците).

Во салата се присутни 58 пратеника.

Го поништувам гласањето.

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Службите уште еднаш нека го потврдат бројот, бидејќи од овде избројавме 60, па да провериме.

(Службите ги пребројуваат пратениците.)

Во салата се присутни 61 пратеник.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 53 пратеника, 9 гласале за амандманот, 10 воздржани, 34 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

**Љупчо Јордановски:** Отворам претрес по амандманот на член 51 став 3, точка (Ѓ) поднесен од пратеникот Јани Макрадули.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за транспорт и врски.

Повелете министре.

**Џемали Мехази:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Дали некој бара збор?

Повелете господине Макрадули.

**Јани Макрадули:** Амандманот беше од правно-техничка природа да се избрише зборот “колокација” кој не е дефиниран на почеток и е напознат, мислам дека не му е тука местото или фали дефиницијата на почетокот.

Го повлекувам амандманот.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на член 54 став 3, точка (В) поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за транспорт и врски.

Повелете министре.

**Џемали Мехази:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на законот.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на член 56 став 4, поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за транспорт и врски.

Повелете министре.

**Џемали Мехази:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 59 став 3, поднесен од пратеникот Јани Макрадули.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за транспорт и врски.

Повелете министре.

**Џемали Мехази:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 60 став 1 точка (А), поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за транспорт и врски.

Повелете министре.

**Џемали Мехази:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на законот.

Ги молам пратениците да не излегуваат од салата, бидејќи ќе завршиме доста брзо.

Отворам претрес по амандманот на член 61 став 3, поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за транспорт и врски.

Повелете министре.

**Џемали Мехази:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 62 став 2 точка (Г), поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за транспорт и врски.

Повелете министре.

**Џемали Мехази:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 63 став 3, поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за транспорт и врски.

Повелете министре.

**Џемали Мехази:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 65 став 2, поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за транспорт и врски.

Повелете министре.

**Џемали Мехази:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 66 ставови 1, 2, 3, 4, 5, 7 и 8, поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за транспорт и врски.

Повелете министре.

**Џемали Мехази:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 67 став 3, поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за транспорт и врски.

Повелете министре.

**Џемали Мехази:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 70 став 3, поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за транспорт и врски.

Повелете министре.

**Џемали Мехази:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 71 став 1, поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за транспорт и врски.

Повелете министре.

**Џемали Мехази:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 72 став 1, точка (А), поднесен од Законодавно-правната комисија.

И со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Дали претставникот на Владата ќе се согласи?

**Џемали Мехази:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на законот.

Веќе стана монотоно, па нешто да смениме.

Отворам претрес по амандманот на член 75 за менување на ставовите 1 и 8, за бришење на став 2 и за додавање нов став 9 по ставот 8, поднесен од пратеникот Јани Макрадули.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за транспорт и врски.

**Џемали Мехази:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Прв за збор се јави господинот Макрадули, а потоа пратеникот Зоран Томиќ.

Повелете господине Макрадули.

**Јани Макрадули:** Благодарам почитуван претседателе, почитуван министре, колешки и колеги пратеници,

Ова е еден од клучните амандмани односно одредби кои фалат во Законот и се однесува на одредувањето на годишниот надоместок за надзор и користење на радио фреквенциите или да го поедноставам, оние пари што треба да ги наплатиме од операторите и за кои уште државата води спор, кој е при крај и кои операторите треба да ги платат, тоа е од прилика околу 4 милиони евра, сите го знаете тоа.

Датумот на издавање на одобрението претставува основ по кој Агенцијата има право да го пресметува надоместокот и мислам дека вкупниот број на бодови кој предлагаме да го прави Владата овде не е наведен и затоа мислам дека потрошивме година ипол во минатото дури го донесовме претходниот закон за телекомуникации и измените и тие измени влегоа во претходниот закон и не гледам причина зошто сега да го нема во овој нов Предлог на закон.

Доколку не се прифати овој амандман и остане решението на Владата, тогаш ќе влеземе во еден правен вакум, нема кој да ги пресметува вкупниот

број на бодови и нема како државата да бара операторите што се во Република Македонија, да плаќаат пари и да собереме 4 милиони евра колку што должат од 2002 до 2004 година.

Од друга страна, за да се стимулира либерализацијата, да се отвори пазарот и да се поканат и стимулираат нови компании да дојдат во Република Македонија, предлагам со овој амандман периодот за кој тие би плаќале надоместок за надзор и користење на радиофеквенциите да се смета од денот кога ја добиле дозволата, па до крајот на годината.

**Јани Макрадули:** (продолжение)

Тоа значи ако некој отвори во март, ќе плати за 9 месеци, ако отвори во јуни ќе плати за 6 месеци. На тој начин ќе ги стимулираме новите компании, бидејќи ако некој сака во септември да отвори нова компанија во Македонија, ќе се подразмисли дали треба да ги плати и претходните 9 месеци за тековната година, туку ќе почека до јануари наредната и практично пазарот ќе ни биде осиромашен можеби за некој квалитетен инвеститор и компанија.

Инаку, да напомнам дека надоместокот за надзор и користење на радиофрекфенции претставува две третини од приходот на основата за финансирање на Агенцијата и мислам дека, доколку се залагаме за независна агенција, со поголема моќ треба да и обезбедиме начин како државата да ги поврати прарите, односно да го добие надоместокот за користење од компаниите и операторите кои работат овде.

Да ве потсетам дека ова беше прашање на повеќе законски проекти, беше доведено прашањето и до Уставен суд, но Уставниот суд реши во прилог на она што ние како Собрание сме го донеле, а тоа е дека критериумите и вредноста на бодот ќе се дефинираат од Агенцијата. Вкупниот број на бодови ќе ги дава Владата, бидејќи радиофрекфенциите се еден ресурс или природно богатство, како шумите, како другите природни богатства што се третираат во Република Македонија.

Затоа, сметам дека овој аманман треба да се прифати, бидејќи ќе влеземе во една празнина од која што државата не ќе знае како да ги наплати парите за користење на еден ресурс, едно добро како штое радиофрекфенцијата.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодрам господине Макрадули.

За збор се јави пратеникот Зоран Томиќ.

Повелете.

**Зоран Томиќ:** Во прилог кон она што предлагачот на амандманот го изготви, само ќе дополнам дека овој амандман е составен од три дела. Мислам дека првиот дел се однесува токму на она што зборува предлагачот, меѓутоа се добива и еден квалитет во самиот закон, каде што буквално ставот 2 се брише, а со ставот 1 на член 75 се кажува сето она што ми се чини Владата сака да го имплементира и е содржано во овој Предлог на закон.

Ставот 8 на овој член е многу јасен и за корисниците, мислам сосема практичен. Добро е ова што го кажа предлагачот, не ако се почне од март сега да се плаќа и ретроактивно, или од септември да почне за тековната година, туку токму од денот на отпочнувањето на користење, односно за периодот во годината, сметано од датумот на издавањето на одобрението.

Од тие причини ќе го поддржам овој амандман.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Повелете господине Балковски, имате збор.

**Љупчо Балковски:** Благодарам претседателе.

Во насока на поддршка на овој амандман ние разговаравме и дискутиравме и на Комисијата за транспорт врски и екологија. Навистина треба да се определи, односно кој ќе ја утврдува висината на надоместокот од став 1 на овој член, одделните критериуми. Треба да се знае дека ќе утврдува Владата на Република Македонија. Ако не е така напишано, јас овде ги прашувам претставниците на Министерството за транспорт и врски, кој ќе го утврдува надоместокот?

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

За амандманот гласале 53 пратеници, 33 за, 3 воздржани и 17 против амандманот

Во салата се присутни 61 пратеник.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 75 ставови 1, 6 и 8 и за менување на став 7 поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за транспорт и врски.

Повелете.

**Џемали Мехази:** Се прифаќа амандманот.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот се прифаќа и станува составен дел на текстот на Законот.

Амандманот на член 75 за бришење на првата реченица на став 6 и за додавање нов став по ставот 6 поднесен од пратеникот Јани Макрадули и Амандманот на член 75 за бришење на првата реченица на став 6 и за додавање нов став 7 по ставот 6 поднесен од пратениците Цветле Јаневска и Драган Ѓорѓиев, кои се точки 67 и 68 од списокот на амандманите по кој се води претрес се со иста содржина.

Затоа, отворам претрес по амандманот на член 75 за бришење на првата реченица на став 6 и за додавање нов став по ставот 6, поднесен од пратеникот Јани Макрадули и од пратениците Цветле Јаневска и Драган Ѓорѓиев.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за транспорт и врски.

Повелете.

**Џемали Мехази:** Амандманот не се прифаќа. Ќе образложам дека Агенцијата е независна и од операторите како и од Владата. Целта на одлучување е оставена и во делот на тоа дека

Агенцијата ќе биде независна. Доколку се прифати амандманот, дека Владата ќе одлучи, се губи независноста, а целта и сите препораки на ЕУ и од сите експерти е дека Агенцијата треба да биде независна, што не треба да го образложува, во одллучувањето.
**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.
Повелете господине Макрадули, имате збор.
**Јани Макрадули:** Па добро, ние не можеме за секој амандман да се видиме само на ЕУ, ова повторно нема врска со препораките.
Точно се знае како ќе се добие независноста на Агенцијата. Ако сакавме ние да и дадеме поголема моќ на Агенцијата господине министре, можевте тоа да го направите и вие, прифаќајќи два - три амандмани до сега.
Тоа што е одлука на Уставниот суд, јас ја читам одлуката на Уставниот суд, пишува: "Одговарајќи на барањето на оперторите, дека поаѓајќи од Уставната положба на Владата, како носител на извршната власт, која, покрај другото ја утврдува политиката на извршување на законите и е одговорна за нивно извршување, ја овластил Владата врз основа на утврдените критериуми во Законот да го утврди само вкупниот број на бодови". Овој амандман се однесува согласно на одлуката што уставниот суд на Република Македонија ја донел. Повторно ќе кажам дека оставајќи простор вака во Законот, ќе се повторат некои судски процедури, ќе се појават некои уставни иницијативи, толкувања и повторно процесот на либерализација ќе се кочи, а тоа е клучната улога, задача и препорака што ја добиваме од ЕУ.
Благодрам.
**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине.
Министерот за транспорт и врски се јави претходно.
Повелете господине министре.
**Џемали Мехази:** Мислам дека ќе направиме голема грешка доколку се прифати амандманот, така што навистина со ова се руши независноста на Агенцијата. Ако Владата одлучи за бодовите и сето тоа, концептот комплетно ќе се наруши на целта на законот.
**Љупчо Јордановски:** Повелете господине Балковски, а потоа е пратеникот Лилјана Ивановска.
**Љупчо Балковски:** Благодарам претседателе.
Видете, со овој амандман, всушност се бара да се утврди кој ќе има надлежност во утврдување на висината на надоместокот. Ако се донесе, односно ако не се усвои амандманот, се донесе како што е во Предлогот на законот, еве ќе прочитам, таму пишува во ставот 6 "Начинот на пресметка на надоместокот од став 1на овој член се уредува со подзаконски акт донесен од Агенцијата". Ако Уставниот суд повторно го прегледува ова, навистина ќе се доведеме во ситуација да Уставниот суд едноставно ќе го поништи овој член од Законот и пак ќе имаме проблем, како што имавме две години проблем.
Зошто тоа да го чекаме од Уставниот суд, кога сега, автоматски и како пратеници и кога расправавме како Комисија за транспорт и врски, дури и Управата за телекомуникации што е во склоп на Министерството за транспорт и врски има поднесено ваков амандман. Ние тоа го разговаравме и на Комисијата. И сега, ако и стручните служби од самата Управа кажуваат дека ова треба да се направи, како технички дел од целокупнава работа, треба да се направи.
Благодарам.
**Љупчо Јордановски:** Благодарам.
Повелете госпоѓо Ивановска, имате збор.
**Лилјана Ивановска:** Благодрам.
Навистина, околу членот 75 доста се водеше расправа на Комисијата за транспорт и врски и овде јас се разликувам од мислењето на моите колеги пратеници, затоа што навистина мислам дека ќе се мешаат надлежностите на Агенцијата и на Владата.
Одлуките на Уставниот суд, досега, во средувањето на надоместоците или на јавните давачки, ако ова не се третира како јавна давачка, меѓутоа, вредноста на бодот е утврден во Законот. 1 евро. Вака пишува во точка 6 од членот 75. Вредноста на бодот изнесува 1 евро.
Овој амандман се однесува на вкупниот број на бодови на кое што инсистираше Управата за телекомуникации да биде назначено кој ќе го утврдува вкупниот број на бодови. Меѓутоа, никако тоа не треба да биде Владата на Република Македонија. Ако веќе недостасува вкупниот број на бодови, тогаш требаше да ги утврдува Агенцијата.
Благодарам.
**Љупчо Јордановски:** Дали некој друг бара зб ор? (Никој)
Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.
Ги повикувам тие двајца-тројца пратеници што излегоа, бидејќи се многу битни сега при гласањето да влезат во салата.
(Пратениците влегуваат во салата).
Еве, тука сме. Амандманот го ставам на гласање.
Ве повикувам да гласаме.
Гласале 55 пратеници, 24 за амандманот, 2 воздржани, а 29 против.
Во салата се присутни 63 пратеници.
Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.
Отворам претрес по амандманот на член 75 за менување на став 9 поднесен од пратениците Лилјана Ивановска и Соња Лепиткова.
Го молам претставникот на Владата да се произнесе.
Има збор министерот за транспорт и врски.
Повелете господине министре.
**Џемали Мехази:** Амандманот се прифаќа.
**Љупчо Јордановски: А**мандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на законот.
Отворам претрес по амандманот на член 75 точка (9), поднесн од Комисијата за транспорт врски и екологија.
Повелете господине Трембев барате збор процедурално.
**Томе Тромбев:** Со оглед дека претходниот амандман се прифати, претходно од госпоѓите

Лилјана Ивановска и Соња Лепиткова, овој амандман е содржан во тие амандмани, така што е безпредметен.
**Љупчо Јордановски:** Го повлекувате амандманот?
**Томе Тромбев:** Го повлекувам. Безпредметен е.
**Љупчо Јордановски:** Се извинувам господине министре, ви уштедивме време да кажете дека не се прифаќа.
Повелете господине Макрадули, процедурално.
**Јани Макрадули:** Сакам да укажам дека амамндманот што беше прифатен може да направи проблем со Законот за радиодифузна дејност, бидејќи прво не е донесен и не ја знаеме судбината на претпријатијата. . .
**Љупчо Јордановски:** Господине Макрадули јас . . .
**Јани Макрадули:** Јас, во интерес на јавноста претседателе, дозволете . . .
**Љупчо Јордановски:** Вие знаете штое процедурално. Процедурата не е прекршена. Ќе имаме општа расправа по текстот на законот. Кажете ги сите ваши забелешки. Не може сега да се повлече, прифатен е.
Значи амандманот на Комисијата за транспорт и врски на член 75 точка (9) е повлечен.
Отворам претрес на член 80 точка 3 поднесен Законодавно-правната комисија.
Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.
Го молам претставникот на Владата да се произнесе.
Има збор министерот за транспорт и врски.
Повелете господине министре.
**Џемали Мехази:** Амандманот се прифаќа.
**Љупчо Јордановски: А**мандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на законот.
Отворам претрес по амандманот за менување на член 82 поднесен од Законодавно правната комисија
Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.
Го молам претставникот на Владата да се произнесе.
Има збор министерот за транспорт и врски.
Повелете господине министре.
**Џемали Мехази:** Амандманот се прифаќа.
**Љупчо Јордановски: А**мандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на законот.
Амандманот на член 83 за додавање нов став по ставот 4, за менување на став 6 и за додавање нов став по ставот 6, поднесен од пратеникот Јани Макрадули и амандманот на член 83 за додавање нов став 5 по ставот 4, за менување на став 6 и за додавање нов став 7 по ставот 6, поднесен од пратениците Драган Ѓорѓиев и Цветле Јаневска, кои се точки 73 и 74 од списокот на амандманите по кој се води претрес, се со иста содржина.
Затоа, отворам претрес по амандманот на член 84 за додавање нов став по ставот 4, за менување на став 6 и за додавање нов став по ставот 6, поднесен од пратеникот Јани Макрадули и од пратениците Драган Ѓоѓиев и Цветле Јаневска.
Го молам претставникот на Владата да се произнесе.
Има збор министерот за транспорт и врски.
Повелете господине министре.
**Џемали Мехази:** Не се прифаќа амандманот..
**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.
Повелете господине Макрадули.
**Јани Макрадули:** Да се обидам да ќарам на државата нешто, од сето она што го изгубивме со ова што не се прифаќа.
Реков еднаш, ќе повторам, Агенцијата се финансира од 4 точки: надоместок за користење на р адиофрекфенција, доделување на броеви, серија на броеви, надомест за надзор и дел од универзалната услуга во Фондот што потоа се распределува во операторите. Овој амандман се однесува кој го одредува вкупниот број на бодови од доделувањето на броеви и серија на броеви.
Во членот 83 се дадени критериумите, дадено е се што треба, висината на надоместокот итн., но кој го одредува вкупниот број на бодови, тука барам вкупниот број на бодови, согласно Одлуката на Уставниот суд, во овј член да го утврди Влдата на Република Македонија. Вака како што е напишано, и како што е предложено од страна на Владата, бидејќи не пишува кој ќе го пресметува вкупниот број на бодови, било кој што ќе се дрзне односно што ќе земе да го прави тоа, без разлика дали е тоа Агенцијата или Комисијата или Владата, без разлика, операторите во истиот момент ќе покренат уставно прашање и ќе ја оспорат надлежноста на органот што го одредил вкупниот бој на бодови.
Затоа, не знам, премногу комотно се однесуваме, премногу пари изгледа имаме, имаме и вишок, се расфрламе, па не сакаме ништо да прифатиме или не сакаме да сллушнеме каква е вистината. Зборувам за сите амандмани што се предложени од моја страна, се е во интерес на подобрување на законот и го молам министерот така да го сфати тоа.
**Љупчо Јордановски:** Благодарам.
Повелете господине Балковски, имате збор.
**Љупчо Балковски:** Ви благодарам претседателе. Сакам да расчистиме една работа овде. Сакам многу добро да се прочита членот 83, односно кажува дека надоместок, членот 83 ги опфаќа надоместоците за користење на доделени броеви и серии на броеви. Е сега, таму се кажува дека, став 1:
“Носител на доделени броеви и серија на броеви плаќа годишен надомест на Агенцијата за користење”.
Став 2: “Надоместокот се пресметува според критериуми утврдени врз основа на видот, намената и должината на броевите”. Никаде не се кажува кој, вкупниот број на бодови по одделните критериуми, кој ги утврдува. Затоа се бара. Затоа, едноставно овде не е прашањето кој е ги утврдува. Се бара Владата на Република Македонија да ги утврдува вкупниот број на бодови. Едноставно допрецизирање на целата работа.

Амандманите што сега не поминаа едноставно овде треба да се стави таа работа.
Благодарам.
**Љупчо Јордановски:** Благодарам, дали некој друг бара збор? (Никој)
Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.
Амандманот го ставам на гласање.
Ве повикувам да гласаме.
Гласале 53 пратеници, 25 за, 4 воздржани и 24 против.
Во салата се присутни . . .
Молам службите нека го утврдат бројот на присутните, да бидеме во рамките на коректноста и Деловникот.
(Службите го утврдуваат бројот) .
Го поништувам гласањето. Во салата беа присутни 60 пратеници. Молам еден пратеник.
Ги повикувам пратениците да влезат во салата.
**Љупчо Јордановски:** Ги молам пратениците да влезат, бидејки има уште дваесетина амандмани да завршиме. Тоа ќе трае едно час време претпоставувам, можеме толку да се стрпиме.

Уште еднаш ве молам службите да ги изборјат пратениците.

Во салата се присутни 62 пратеника.

Го ставам амандманот на гласање и ве повикувам да гласаме.

Гласале 54 пратеника, 27 гласале за, 4 се воздржале и 23 гласале против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 84 за додавање два нови става 8 и 9 по ставот 7, поднесен од пратеникот Јани Макрадули.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор минситерот за транспорт и врски.

**Џемали Мехази:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Дали некој бара збор?

**Јани Макрадули:** Само да укажам дека и со ова неприфаќање ќе има дупка уште една во законот. Го повлекувам амандманот.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на член 85 став 1 поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор минситерот за транспорт и врски.

**Џемали Мехази:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на законот

Отворам претрес по амандманот на член 85 став 2 точка в и г поднесен од пратеникот Јани Макрадули.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор минситерот за транспорт и врски.

**Џемали Мехази:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен станува составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 90 став 1 поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор минситерот за транспорт и врски.

**Џемали Мехази:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 91 став 3 поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор минситерот за транспорт и врски.

**Џемали Мехази:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 96 став 4 поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор минситерот за транспорт и врски.

**Џемали Мехази:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 101 став 4 за менување на точка г и за додавање нов став 5 по ставот 4 поднесен од

пратениците Љиљана Ивановска и Соња Лепиткова.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор минситерот за транспорт и врски.

**Џемали Мехази:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Повелете госпоѓо Ивановска имате збор.

**Лилјана Ивановска:** Благодарам претседателе, овој амандман на член 101 став 4 се однесува за деталната сметка која што треба да ја добиваат корисниците во фиксната телефонија, каде што во деталната сметка во точка г се менува, се додава број на повици, нивното времетраење и броевите кој ги повикувал претплатникот. Се додава нов став кој што гласи: “претплатникот може писмено

да побара деталната сметка да не ги содржи податоците за броевите кои ги повикува".

Овој амандман го предлагам од причини што кога беа измените на Законот за дополнување на претходниот Закон за телекомуникација, каде што голем број на граѓани, кои што има жалби на сметките во фиксната телефонија, не можеа да докажат кои броеви навистина, ги повикувале и на тој начин немаат доказен материјал во жалбените постапки пред македонски Телекомуникации и на тој начин граѓаните немаа правна можност тоа да го докажат со деталната сметка, затоа што таа не ги содржеше тие податоци за да можат да докажат дали навистина нивната сметка ги содржи тие услуги и дека навистина тие услуги корисникот ги користел.

Сметам дека овој закон не е во спротивност со никакви европски директиви, апсолутно ги регулира односите меѓу давателот на услуга и корисниците на услугата и сметам дека оваа измена на Законот само ќе обезбеди правна сигурност и на двата субјекти, не само на корисниците, туку и на операторите кои што на тој начин нема да имаат безброј жалбени постапки, доколку навистина сакаат да го наплатуваат тоа што граѓаните го користеле. Сметам дека колегите пратеници овој амандман треба да го прифатат, затоа што не менува суштински некои решенија во костурот на Законот за електронски комуникации и ВМРО-ДПМНЕ кои многу беа загрижени за интересите на граѓаните дека не се прави либерализација на пазарот, можеа да присуствуваат тука и да поднесат амандмани кои што се во интерес на граѓаните и можеа да гласаат за овој амандман. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејки никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 54 пратеника 22 за амандманот, 5 воздржани и 27 против.

Во салата се присутни 62 пратеника.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 104 став 4 поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор минситерот за транспорт и врски.

**Џемали Мехази:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 105 став 2 поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор минситерот за транспорт и врски.

**Џемали Мехази:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 107 ставовите 5 и 6 поднесен од пратеникот Јани Макрадули. Господине Макрадули прифатен е. Овој дел од стенограмот избришете го, повторно ќе го читам амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 115 став 3 поднесен од Комисијата за транспорт, врски и екологија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор минситерот за транспорт и врски.

**Џемали Мехази:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Повторно ќе го читам амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 119 став 2 поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор минситерот за транспорт и врски.

**Џемали Мехази:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 122 став 2 поднесен од пратеникот Јани Макрадули.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е повлечен.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Молам, кој бара збор?

Повелете господине Макрадули имате збор.

**Јани Макрадули:** Го повлекувам амандманот.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на член 129 став 2 поднесен од пратеникот Јани Макрадули.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор минситерот за транспорт и врски. Повелете.

**Џемали Мехази:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Молам, кој бара збор?

Повелете господине Макрадули имате збор.

**Јани Макрадули:** Овие се амандмани се поврзани со она што не беше прифатено на почеток, нема смисла, го повлекувам амандманот.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на член 135, за додавање нова точка 9, по точка 8 поднесен од Комисијата за транспорт, врски и екологија.

Со овој амандман не се согласил повереникот на Владата.

Го о молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за транспорт и врски.

**Џемали Мехази:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен, ова е мала различитост.

Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 135 ставови 3 и 4 поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го о молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за транспорт и врски, повелете.

**Џемали Мехази:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 136, за менување на воведната реченица на став 1, поднесен од пратеникот Јани Макрадули.

Го о молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за транспорт и врски, повелете.

**Џемали Мехази:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 136, за менување на воведната реченица на став 1, и на став 2, поднесен од пратеникот Јани Макрадули.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за транспорт и врски, повелете.

**Џемали Мехази:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 137, став 1, поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот, повелете.

**Џемали Мехази:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 138 став 1, точка 16 и за заменување на бројот 3 со бројот 2 по ставот 1, поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за транспорт и врски, повелете.

**Џемали Мехази:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 139, став 1, точка 21 поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот, повелете.

**Џемали Мехази:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на законот.

Амандманот на член 140 став 1, за додавање на четири нови точки 19, 20, 21 и 22, поднесен од пратеникот Јани Макрадули и амандманот на член 140 став 1 за додавање четири нови точки 19, 20, 21 и 22, поднесен од Комисијата за транспорт , врски и екологија, кои се точки 97 и 98 на списокот на амандманите по кои се води претрес се со иста содржина. Затоа отворам претрес по амандманот на член 140 став 1 за додавање четири нови точки 19, 20, 21 и 22, поднесен од пратеникот Јани Макрадули и од Комисијата за транспорт, врски и екологија.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за транспорт и врски и екологија, повелете.

**Џемали Мехази:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 143 на ставовите 1 и 4, поднесен од пратеникот Јани Макрадули.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот, повелете министре.

**Џемали Мехази:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Дали некој бара збор? Повелете господине Макрадули, имате збор.

**Јании Макрадули:** Амандманот беше на член 143.

**Љупчо Јордановски:** Ставовите 1 и 4.

**Јании Макрадули:** Идеата на овој амандман е да се допрецизираат ставовите 1 и 4, каде што зборот “може да” се заменува со “ќе”, со што не му даваме можност некој да се поколеба, да може, или да не може, туку сигурно ќе превземат некои мерки на оние што не ги почитуваат одредбите. Благодарам.

**Љупчо Јордановски**: Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејки никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 55 пратеника, 27 гласале за, 3 се воздржале, 25 гласале против.

Службите нека го утврдат бројот на присутните пратеници.

Во салта се присутни 62 пратеника.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 144 за менување на ставовите 1 и 2, поднесен од пратеникот Јани Макрадули.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот, повелете министре.

**Џемали Мехази:** Амандманот не се прифаќа.

Тој е еден од суштинските амандмани што би можел да го наруши концептот на законот.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Повелете господине Макрадули.

**Јании Макрадули:** Незнам зошто би се нарушил концептот. Овде само се забрзува процесот на усогласување на одредбите на овој закон се скратуваат роковите на усогласување на договорите за концесија со претставниците од Агенцијата. Мислам дека рокот што е овде даден во преодните и завршни одредби од 9 месеци е преголем и зато предлагам тоа да биде 6 месеци, а склучен со оние даватели за пренос на податоци, односно интернационалист провајдерите од 6 да се намали на 3, бидејќи прво е многу тешко да дефинираме што подразбираме под усогласување и побрзо ќе почне да се имплементира суштината на овој закон, а тоа е процесот на либерализација.

За жал, некој направил концесиски договори кои траат до 2018 година или до 2023 година и ние немаме можност тие така лесно да ги прекинеме, но роковите за усогласување на одредбите од тој договор за концесија со одредбите од овој закон, мислам доволни се да се намалат за 3 месеци, со што процесот на либерализација побрзо ќе почне. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Дали некој бара збор? (Никој)

Бидејки никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандмнот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Дали некој друг бара збор?

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 51 пратеник, 17 за амандманот, 3 воздржано и 31 против амандманот.

Во салата се присутни 62 пратеника.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 145 за менување на ставовите 2 и 7 и за бришење на ставот 3, поднесен од пратеникот Јани Макрадули.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за транспорт и врски. Повелете, господине министре.

**Џемали Мехази:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Повелете господине Макрадули, имате збор.

**Јани Макрадули:** Дел од амандманот е поврзан со амандман што не се усвои и нема смисла, но останува оној вториот дел каде што, покрај основните средства, веројатно треба да се најде начин и опремата, финансиските средства, имотот и архивата, како и правата и обврските на Управата за телекомуникации да се трансферираат во Агенцијата, по донесувањето на овој закон. Затоа, заради тоа што нема смисла првиот дел, сега ќе трпи вториот дел, но се надевам дека нема да има пречка за да се реализира ова што го кажав.

Го повлекувам амандманот.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на член 145 став 3, поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот.

Повелете, министере.

**Џемали Мехази:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 146 став 2 точки (Б), (В), (Г), (Д), (Ѓ) и (Е) за менување на точките (И), (Ж) и (З) со точки (Ж), (З) и (Ѕ), на точките (Ж) и (Ѕ) и на став 4, поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот.

Повелете, министере.

**Џемали Мехази:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 147 став 2, поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот.

Повелете, министере.

**Џемали Мехази:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 149, поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за транспорт и врски.

Повелете, министере.

**Џемали Мехази:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на законот.

Со поднесениот амандман на Владата на Република Македонија за менување на член 150, кој стана составен дел на текстот на Предлогот на законот, амандманот на член 150 поднесен од Законодавно-правната комисија, кој е 106-ти од списокот амандмани по кои се води претрес стана беспредметен и по него нема да водиме претрес.

Отворам претрес по амандманот на член 151 ставови 1 и 2, поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот.

Повелете, министере.

**Џемали Мехази:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 151-а по членот 151, поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот.

Повелете, министере.

**Џемали Мехази:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на законот.

И последниот амандман.

Отворам претрес по амандманот на член 152, поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот.

Повелете, министере.

**Џемали Мехази:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

Господине Макрадули, имате збор, повелете.

**Јани Макрадули:** Сосема на кратко. Чувствувам обврска, после двата дена расправа, сосема на кратко да наведам некои работи. После два дена расправа можеме да издвоиме некои работи и би сакал тоа да го споделам тука со вас и со јавноста. Еден одличен концепт и една замисла, која провејуваше во Министерството за транспорт и врски на почеток пред донесувањето на законот, со одредени, за мене навистина неразбирливи причини, остава и фрла сенка на некои активности кои, за жал, не би сакал да бидам пророк, но ќе го задоцнат процесот на либерализација и нема да го добиеме она што го посакуваме сите, а тоа е што повеќе луѓе да вклучиме не само во електронските комуникации, туку и да уживаме во квалитетот на тие услуги. За жал, само од некои одредби штета ќе трпиме ние како држава, бидејќи некои механизми за наплаќање на користењето на радиофрекфенциите како природен ресурс не го спомнавме да се договориме со Владата, процесот ќе се одолговлечи бидејќи, пак ќе повторам, иако министерот тоа може да го направи веднаш со бришењето на членот во анексот каде што на интернет сервис провајдерите им се забранува пренесување на говор и она што е политика во Европската унија, на што се повикуваше често министерот и Владата, можеме веднаш тоа да го направиме.

Не знам од кои причини го прифати амандманот дека може Агенцијата за електронски комуникации да одзема опрема, бидејќи тоа не е пракса во Европската унија и не е во согласност со нашето законодавство, ниту тоа може да го амнестира евентуално неефикасното работење на судството.

Она што посебно ме загрижува е последниот амандман денес што дојде од Владата. За жал, ниту има економска логика ниту има политичка логика овој амандман. Она што срамежливо се најави во понеделникот, а потоа во неколку различни форми ни се нудеше неколку денови во

Собранието, денес експлицитно дојде со евентуална постапка за наводен трет мобилен оператор, кој би одел по стариот закон. Мислам дека нема политичка логика, затоа што според стариот закон мора да се распише јавен тендер, целата процедура ќе биде многу покомплицирана, со стариот закон за телекомуникации министерот е тој што доделува концесии. За жал, тоа не е во политиката на премиерот кој што се бори за скратување на правата на министрите и мислам дека Владата за ова посебно ќе размисли. Јa повикувам да се заземе за ова, а нема економска логика затоа што со новиот закон и со духот на либерализација, третиор мобилен оператор многу поефтина цена ќе плати отколку доколку станува збор за концесија. Во услови кога спектарот ви е поделен на два дела меѓу два оператори, обично државите даваат полиберални или пониски услови, помалку рестриктивни финансиски услови за да може некој трет да поканиме на овој пазар.

И она што сеуште не можам да го разберам, се обидов утрово да го објаснам, се обидов вчера да го објаснам, да се предложи одредба која е спротивна на одговорите што ги има направено Владата во прашалникот кои се предадени во понеделник во Европската комисија. За жал, една добра замисла, во овој момент, има 100% поддршка само од ВМРО-ДПМНЕ и тоа мене ме загрижува.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

За збор се јави пратеникот Најдовски, а потоа пратеникот Балковски.

Повелете господине Најдовски.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине претседател. Јас ќе се обидам да бидам краток.

Вчера господинот Каме Петро во својата дискусија кажа како правник дека не е негова сфера. Еве, јас како економист можеби ќе речам не е моја сфера и можеби не знам ...

**Љупчо Јордановски:** Господине Најдовски, иако сте потпретседател, очигледно пратениците немаат соодветен респект. Затоа, ве молам ќе причекаме да излезат од салата.

**Слободан Најдовски:** Добро, мојата дискусија нема врска со потпретседателската функција.

**Љупчо Јордановски:** Не, но има врска со тоа што како пратеник треба да имаме одреден респект кога се зборува.

Повелете.

**Слободан Најдовски:** Благодарам, претседателе што овозможивте услови за дискусија. Еве, ги сваќам колегите пратеници што се нервозни можеби при самото донесување на законот, но тоа е тоа.

Реков дека господинот Каме Петров вчера рече дека не е стручен за оваа област и не му е фах, и мене не ми е фах и можеби не знам како треба да се поврзат два мобилни телефони или не сум стручњак како да користиш многу скапи телефони и како со мојата пратеничка плата да ги купам, но сепак знам што регулира овој овој закон и знам што се случуваше и што се случува при донесувањето на овој закон.

Првата констатација што сакам да ја кажам е следнава.

Прво, денес пратениците и Парламентот покажаа дека не се тие, барем овие пратеници што се овде во салата, кочницата за либерализација во сферата на електронските комуникации и му даваат поддршка на министерот и Министерството на тој план, што значи дека единствено од нив ќе зависи кога граѓаните на Република Македонија ќе го имаат вториот фиксен оператор. Ова сакам да го потврдам уште еднаш, бидејќи вчера, расправајќи по текстот на законот, се одржа една прес конференција од ВМРО-ДПМНЕ, која има пратеници овде во Парламентот каде што се донесува законот, а не дојдоа.

Благодарам за првата дигресија претседателе, имам право уште на две.

**Љупчо Јордановски:** Зборувајте по текстот на законот, бидејќи втората дигресија ако не е во врска со текстот на законот.

**Слободан Најдовски:** Благодарам претседателе, но сепак е по текстот на законот бидејќи ние бевме нападнати дека не сме за либерализација на сферата на електронски комуникации, а се гледа денес кој имал интерес при донесувањето на ваков текст на законот да не се донесе, оној кој не е присутен и кој не сака да се донесе ваков текст на законот каков што ни е предложен сега.

Сега пред мене како пратеник се поставува прашањето дали да гласам за овој текст на законот кој ни е предложен, бидејќи во овие 2-3 дена набрзина имавме некои измени на текстот на законот и навистина не знам и им се воодушевувам на оние колеги пратеници кои можат да се снајдат во овие измени што деновиве 2-3 ни се случуваат. Се прашувам дали овој текст на законот да го гласам или не. Ќе го гласам од една причина, само заради тоа да не речат дека ние сме кочницата за либерализацијата на електронските комуникации, бидејќи ако не го изгласаме повторно ќе бидеме обвинети ние како пратеници дека сме таа пречка што не сме го изгласале ваквиот текст на законот. Ако сме изгласале ваков текст на законот, тогаш верувам дека министерот ќе не удостои и нас пратениците и македонската јавност да ни каже кога да го очекуваме вториот фиксен оператор, бидејќи го изгласуваме ваквиот текст на закон кој е предложен.

Второ, ние како Парламент изгласувајќи ваков текст на законот, ќе мора да ја побараме одговорноста зошто не се наплатени 4,5 милиони евра или марки беа порано за надоместок за фреквенции и што ќе се случи ако не се наплатат и годинава бидејќи не усвоивме еден амандман со кој ние мислевме дека побрзо ќе се наплатат тие средства. За ваков текст на законот, за тоа некој ќе треба да носи одговорност.

И на крајот, господине министре, ќе гласам за овој закон, уште еднаш потврдувам и ви препорачувам сменете ги, избркајте ги од работа, имате поддршка, сите оние во Министерството кои работат на оваа проблематика, било да се поставени од нас, а повеќето се поставени многу порано пред нас. Се гледа и очигледно е дека ја кочеле работата во оваа сфера, не овие две години, туку откако се потпиша договорот со македонски телекомуникации. Затоа денес го нема господинот Груевски овде пред нас да ни ...

**Љупчо Јордановски:** Јас мислам дека господине Најдовски заврши втората дигресија. Ве молам.

**Слободан Најдовски:** Завршувам со една реченица.

**Љупчо Јордановски:** Ве молам, зборуваме по текстот на законот, ниеден член од текстот на законот не зборува за господинот Груевски. Ве молам, привршувајте.

**Слободан Најдовски:** Зборувам господине претседателе за текстот затоа што со овој текст ние се обидуваме да го прекинеме монополот кој што господинот Груевски им го даде на Македонски телекомуникации. Ако овој текст не го решава тоа, тогаш не знам што. Дали на некого му се допаѓа или не, тоа е во ред, но јас уште еднаш велам министерот го поддржувам да ги избрка, повторувам да ги избрка од работа сите кои работеле во оваа сфера бидејќи имале многу, многу интереси при донесувањето на овој закон. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Повелете господине Балковски, имате збор.

**Љупчо Балковски:** Благодарам.

Навистина не сакам да се впуштам воопшто во овие работи што ги искажа пратеникот и потпретседателот на Собранието, меѓутоа, мислам дека многу е неумесно да се сугерира на министерот да се бркаат од работа вработени во Министерството за транспорт и врски. Децидно кажувам дека Министерството односно вработените навистина професионално си ја извршуваат задачата.

**Љупчо Јордановски:** Ајде, имавте една дигресија бидејќи така некој побара и секој продолжете по текстот на законот.

**Љупчо Балковски:** Да, ќе зборувам по текстот на законот. Навистина, овој закон има извонредно високо значење во областа на електронските комуникации и сепак во причините кои и Министерството за транспорт и врски ги наведе, поради кои причини се донесува законот, се кажува дека на 9 април 2001 година во Луксембург беше потпишана Спогодбата за стабилизација и асоцијација меѓу европската унија и Република Македонија и таа спогодба содржи основи и рамки за отпочнување и воведување на процесот на приближување на законодавството на Република Македонија кон законодавството на Европската унија. Како побитни причини за донесување на овој закон е востановување на принцип за заштита на интересите на корисниците на комуникациските услуги и добивање универзална услуга по прифатливи цени и квалитет. Дали тоа ќе го постигнеме или не со овој закон многу брзо ќе се покаже во праксата, затоа што навистина ако овој закон се мислеше да се донесе во интерес на граѓаните и во интерес на сите субјекти од кои ќе зависи спроведувањето на овој закон, мислам дека ќе се донесеа многу поквалитетни решенија во овој закон, меѓутоа, тоа ќе го погледнеме подоцна.

Исто така, во причините за донесување на овој закон се наведува дека треба да се имаат предвид и директивите на Европската унија од областа на елекатронските комуникации, со кои ќе се обезбеди либерализација и воведување на конкуренција во областа на електронските комуникации и тоа е во ред, меѓутоа, што ќе се случи понатаму, што ќе значи напуштање на постапката за објавување на тендер со кој би се вршел избор на втор фиксен комуникациски оператор, односно бројот на операторите во фиксната телефонија нема да биде ограничен. Исто така, идните оператори ќе можат да отпочнат со работа со нотификација во Агенцијата за електронски комуникации. Дали тоа ќе биде така или не останува на Министерството за транспорт и врски и Владата да решат и ние многу брзо ќе видиме.

Што се однесува до текстот на законот, сакам да кажам дека без разлика што имаше многу амандмани, околу 109 амандмани, некои од нив се прифатија, некои не, сепак, мое мислење е дека овој закон требаше да се донесе во две фази затоа што навистина, без оглед на прифаќањето или неприфаќањето на овие амандмани, овој Предлог на закон навистина претрпе значителни измени од тој Предлог закон што почнавме да го разгледуваме во Собранието на Законодавно-правната комисија и Комисијата за транспорт, врски и екологија. Меѓутоа, мислам дека некои суштествени работи сепак не беа прифатени од Владата и можам да кажам дека тука ќе има голем број недоречености во поглед на овој закон, почнувајќи од надлежност на Агенцијата, каде што навистина треба да се сфати дека целта на законот не е Агенцијата да контролира цени на комуникациски услуги, туку контролата на цени да биде еден од механизмите против злоупотреба на значителна пазарна моќ на одреден релевантен пазар.

**Љупчо Балковски: (продолжение)**

Потоа ќе имаме големи недоречености во членот 16 односно кога ќе се избира директор на Агенцијата. Исто така треба да ги имаме во предвид членовите кои ќе придонесат за хармонизација со Европската унија и друга меѓународна соработка.

Во делот на заедничка употреба на објектите и средствата навистина има некои термини кои што даваат основа за многу субјективни толкувања. Тоа е терминот на економичната употреба на просторот и тоа во член 30 неколку става, меѓутоа

тоа ќе го видиме во однос на функционирањето на законот.

Исто така треба да се види како ќе се прави во однос на стриктното обавување на членот 23 односно обезбедување на податоци и информации, во финансирање сметководство и ревизија на самата Агенција, што ќе биде сега случај.

Потоа во главата заедничка употреба на објекти и средства, член 30, исто во надоместок за надзор на пазарот на електронските комуникации; во универзалните, член 43 -обврски на операторите со значителна пазарна моќ затоа што ваков тип на ограничување не постои во Европската унија и е спротивно на европските директиви. Не е во интерес на Република Македонија бидејќи директно и неоправдано ќе ги спречува инвестициите во Република Македонија .

Потоа, во член 48 каде што се зборува за контрола на цени и обврски за сметководството, за трошоци. Ќе има голем број на недоречености во регулирање на малопродажните цени. Исто така во пристапот и користење на специфични мрежни средства. Потова во членот 62 и членот 69 за спроведување и постапка на јавни тендери. Исто така во Главата за доделување на броеви, во преносливоста на броевите. Од претплатничкиот договор, во членот 101 ограничување или прекин на пристап. Во членот 104 исклучување на претплатникот во комуникациската мрежа, во членот 108 надоместо на трошоци. Исто така во Глава 16, тоа се казнените одредби и Глава 17 односно во преодните и завршни одредби каде што во член 144 едноставно требаше сите договори за концесија склучени согласно Законот за телекомуникации помеѓу македонските телекомуникации со Мобимак, Космофон да продолжат да важат за рокот за кој се склучени, затоа што концесиите имаат прецизно дефиниран рок на важење, меѓутоа сето тоа не се направи, така да сега ќе има усогласување со овие оператори.

Исто така во членот 146 - оператор со значителна пазарна моќ каде што навистина требаше да има и некои измени.

Кога сум кај операторите со значителна моќ да кажам дека навистина во неколку членови, во член 41 механизмите за утврдување на значителна моќ на пазарот не се јасно дефинирани не се предвидува донесување на упатства за анализирање на пазарот, проценка на значителната фаза на моќ, затоа што за оваа цел ќе треба овој текст да биде усогласен со Европската унија, од што сосема е јасно дека треба да се дефинираат целокупните одредби кои ќе ја регулираат областа на значајна пазарна моќ.

Во промената на надоместоците според трошоците на Агенцијата исто така ќе имаме неколку недостатоци. Присилна наплата на надоместоците преку Управата за приходи, во постоечките договори за концесија, во интерконекцијата и пристапот затоа што мислам дека разумно требаше да се направат овие промени за да се обезбеди целосна усогласеност со Европската унија, како и да се овозможи на корисниците да пристапат во услуги понудени од трети страни.

Во посебното сметководство, каде што и Уравата за телекомуникации бараше тоа да се реши, меѓутоа незнам каков е односот помеѓу Управата за телекомуникации со Министерството за транспорт и врски. Во обезбедувањето на универзалната услуга, во користењето на радиофрекфенциите, потоа за службеност, експропријација и закуп на земјиштето затоа што едноставно членовите 88, 89, 90, 91 и 92 дефинираат некои работи што се дефинирани во други закони.

Во податоците за претплатникот и навистина кои треба дополнително да се разработат се генерални забелешки во однос на споровите и во однос на тајноста и доверливоста на информации.

Значи навистина се прифатија огромен број на забелешки, меѓутоа одкако ќе се направи целосен увид во законот и пречистен текст во однос на предложениот Предлог закон и во воднос на амандманите кои се прифатени мислам дека многу брзо ќе дојдеме до решение да понудиме и Предлог закон за изменување и дополнување на Законот за електронски комуникации. Ова не требаше да се направи ако законот одеше во две фази и мислам дека на многу подобар начин и поквалитетен закон ќе се донесеше ако се одеше во две фази, меѓутоа одлуката на Владата беше таква, ќе видиме како тоа ќе се одрази и за граѓаните и за сите субјекти и чинители кои ќе придонесат овој закон навистина да влезе во една постапка и навистина да имаме една либарализација на пазарот која што сите ние сакаме да дојде што побрзо.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам,

Реплика ли имате господине Ѓеорѓоев.

**Драган Ѓеорѓиев:** Да.

**Љупчо Јордановсски:** Повелете господине Ѓорѓиев, имате три минути.

**Драган Ѓеорѓиев:** Благодарам претседателе,

Навистина морам да реплицирам на колегата Балковски во насока на непринципиелност а тоа е што сега по текстот во добар дел при укажувањето на забелешките и јас се согласувам, меѓутоа во насока на тоа бивши министер од оваа област и член на Комисијата во која што заедно членуваме не поднесе ниту еден амандман, а по текстот на законот има повеќе од 30 укажувања. Тоа не е добро како пратеник во ова Собрание имајќи предвид дека голем дел од амандманите беа прифатени и го подобрија текстот. Тој како пратеник и неговата пратеничка група, како и сите пратенички групи во опозицијата немаат поднесено ниту еден амандман за подобрување на текстот на овој закон. Тоа не е добро ниту за законот ниту за Министерството.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам, имате една минута господине Балковски.

**Љупчо Балковски:** Ние како ВМРО-Народна партија и членови на Комисијата за транспорт, врски и екологија активно учествувавме по повод донесувањето на овој закон во самата Комисија, затоа што видовте колкав број на амандмани имаше Комисијата за транспорт, врски и екологија.

Од друга страна овие два дена се виде дека едноставно со овој закон не се согласува мнозинството во Парламентот, затоа што сите амандмани беа поднесени од владеачкото мнозинство во Собранието на Република Македонија. Ние на некој начин оставивме можност самата власт односно Министерството за транспорт и врски, односно владеачкото мнозинство да го усогласат овој закон а ние секогаш сме во интерес на донесување на закон кој што ќе значи либерализација на пазарот.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине Балковски.

Повелете госпоѓа Ивановска, имате збор.

**Лилјана Ивановска:** Благодарам господине претседателе. Нема да зборувам долго, но сакав на крај по текстот на законот да кажам некои важни работи околу овој зкон.

Секако дека не постои идеален тест на било кој закон, така да ако текстот на законот тргнува околу усогласувањето на еворпските директиви и домашното законодавство, една од првите, и обврските околу спогодбата стабилизација и асоцијација која што е верифицирана од 1 април 2004 година.

Во расправата овие два дена што се водеше беше испуштено да се каже дека овој закон ја помина експертизата на експертите на Европската комисија кои дадоа свој извештај. Ќе цитирам дел од тој Извештај каде што нацрт на текстот сега е добро усогласен со правните акти на Европската унија особено што се однесува до важните прашања и кои што се интерконекција и пристап по однос на интерконентна понуда за интерконекција, ориентација на цена на чинење, контрола на цена на чинење, продажни цени, обезбедување на минимум комплетно изнајмени линии, избор на преносител и предизбор број на преносител и разврзан пристап до локална јамка. Тоа е дел извештајот на Европската комисија по делот на етничката помош за усогласување на законот. Така да, веројатно Извештајот од Европската комисија повторно придонесе за многу решенија.

Меѓутоа, мене што ми е неразбирливо во овие два дена. Сепак Владата ги повлече тие два члена од законот, тоа е интервенцијата на член 38 и на член 48 кои што се во спротивност со директивите на Европската унија и за среќа Владата тие три амандмани на член 43 ги повлече и на тој начин некои суштински делови од законот беа променети за среќа.

Она што во овој текст на законот е посеб важно се подзаконските акти.

Во изминатата пракса во Република Македонија често беа оспорувани донесувњата на подзаконските акти особено подзаконските акти кои утврдуваа некаков вид на надоместок и имаше паѓање на одредени одлуки на Владата од Уставниот суд. Затоа Владата што побрзо врз основа на критериумите во текстот на овој закон да ги донесе подзаконските акти кои што ќе водат сметка и за операторите и за претплатниците.

Особено сакам да потенцирам за претплатниците затоа што мојот амандман не беше прифатен во делот на деталната сметка и ми беше образложено дека тоа не е во согласност со директивите каде што претплатничкиот договор не може повеќе да се обременува со овие директиви. Не сум сигурна дека е така, меѓутоа ќе го прифатам ова образложение за текстот и овие подзаконски акти за заштита на претплатниците особено во фиксната телефонија, во мобилната, а особено конкуренцијата си го направи своето така да можат повикуваниот број да го имаат на својата детална сметка, додека во фиксната тоа уште не е така, така да граѓаните немаа своја можност да ги штитат своите интереси.

За оформувањето на Агенцијата жалам што не беше прифатен амандманот директорот на Агенцијата да го избира Собранието, кое што ќе донесеше поголем легитимитет, дискутирав по амандманот, нема повеќе да дискутирам, меѓутоа подготовката за оформување на Агенцијата, особено изборот на Комисијата изборот на директор е забрзан, а на тој начин ќе се овозможи побрза либерализација во телефонските комуникации со побрзо доставање во функција на Агенцијата и особено имајќи ја во предвид можноста Владата да ги користи моќните алати, а тоа се Комисијата за заштита на конкуренцијата и Комисијата за електронски комуникации која што ќе биде оформена со овој закон и на тој начин операторите со значителна пазарна моќ, која што и Агенцијата и Комисијата за заштита на конкуренција во взаемна соработка, која што некаде имаше дилеми дали е тоа двојство на двете комисии или не, во текстот на законот се расчисти со некои амандмани, но уште стојат некои дилеми околу двојните надлежности на двете комисии, меѓутоа мислам дека во пракса работењето на овие две комисии, заради тоа што и оваа е нова, монополската управа сега премина во комисија, меѓутоа праксата ќе покаже колку нивната соработка ќе биде од корисна имплементација и на законот за конкуренција и на законот за електронски комуникации особено за операторите со значајна моќ на пазарот, а тоа се Македонските телекомуникации и заштита на граѓаните и начинот на регулирање на цените. Што е особено важно за граѓаните е регулирањето на цените кои што побрзо со подзаконските акти треба да се донесат.

Имаше неколкуа амандмани во делот на усогласување на концесиските договори на постојните оператори.

Мислам дека Владата во овој период ја испушти можноста јавно да проговори како ќе ги усогласи, па затоа се создаде нервоза кај дел од операторите и тие на Комисијата за транспорт и врски да поднесат толку голем број на амандмани, веројатни од неизвесноста мотивирани од својот интерес што повеќе да добијат во ова законско решение. Меѓутоа, Владата, а особено Министерството треба да вложи малку поголем напор тие преговори да бидат што по фер, што по коректни за да бидат во взаемен интерес и една правна сигурност на странските инвеститори во Република Македонија .

На крај ќе ги кажам причините зошто ќе го подржам овој закон.

Кажав дека нема идеален текст на закон, а ќе го подржам овој закон, затоа што ќе овозможи либерализација. Рокот ќе зависи од ефикасноста на Владата.

Ќе го подржам и од причина што пратеничката група на ЛДП минатата година држше две ПРЕС конференции за носење на овој закон. За што побрзо ноесење и тоа баравме до крајот на 2004 година да се создадат услови за либерализација и до крајот на 2004 година ако се оформеше Комисијата од 1 јануари 2005 година ќе имавме услови за либерализација и без некои дилеми околу либерализацијата.

Друга причина заради која ќе го подржам овој закон е затоа што овој закон е еден од битните закони во одговорите на прашалникот на кој што неодамна се случи предавањето и една силна причина, тоа е обврската од спогодбата за стапилизација и асоцијација која што е нострифицирана минатата година, во април 2004 година и ние како држава треба да ги почитуваме обврските од договорите за кои што сме преземале обврска, а една од обврските е од спогодбата за стабилизација и асоцијација, либерализација во сферата на електронските комуникации. Затоа јас ќе го подржам донесувањето на овој текст на законот.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам. Молам дали некој друг бара збор?

Господине Краљевски. Повелете.

**Чедомир Краљевски:** Благодарам претседателе, почитувани колеги, почитуван министре.

Самото присуство на претставници на пратеничката група на ВМРО-Народна партија покажува дека претставниците на ВМРО-Народна партија се за либерализација на пазарот на електронски комуникации на Република Македонија..

**Љупчо Јордановски:** Зборувајте за да се изјасните како ќе глассате..

**Чедомир Краљевски:** Дозволете да завршам, нема многу време да одземам.

**Љупчо Јордановски:** Повелете.

**Чедомир Краљевски:** Иако сме свесни дека цел ден работиме на ивица на кворум, значи нашето самоприсуство на ВМРО-Народна партија овозможува денеска да биде донесен или не донесен законот за електронски комуникации во зависност од решението на пратениците од парламентарното мнозинство. Според тоа заклучете сами.

**Љупчо Јордановски:** Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој друг не бара збор го заклучувам претресот и ги повикувам пратениците да влезат во салата за да пристапиме кон гласање на законот.

Службите нека го утврдат бројот на присутните пратеници во салата.

(службите ги пребројуваат присутните во салата)

Во салата се присутни 64 пратеници.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 64 пратеници од кои 63 гласале за, еден воздржан и нема против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за електронски комуникации.

Благодарам на трпението.

За продолжување на оваа седница ќе бидете дополнително известени.

Кампањата може да почне.

(Седницата прекина со работа во 17,40 часот)